СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 16	Чешиново-Облешево 27.11.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1736/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 40 став 1, од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20, 111/2023 и 174/2024,), и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (“Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година донесе:

ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички Планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

I. ВОВЕД

Урбанистичкото планирање е континуиран процес со кој се врши уредување и хуманизација на просторот, заштита и унапредување на животната средина и природата, како и зголемување на вредноста на земјиштето.

Во процесот на децентрализацијата, економскиот развој на општината зазема значајно место во надлежностите на локалната самоуправа.

Имајќи во предвид дека општина Чешиново-Облешево е рурална општина потребно е во идниот период да се преземат мерки и насоки за економски развој на истата.

Како приоритет овде би произлегла потребата од развој на малото стопанство и лесната индустрија.

Поради ова, постојаните иницијативи од правни и физички лица и согледувањата на потребите на општината од урбаното планирање, а со цел да се овозможи изградба на индивидуални градби и стопански комплекси, согласно законските регулативи се изработува годишна програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево.

II. АКТИВНОСТИ

Убанистички план за село

За селата на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за кои нема изработено

урбанистички планови, потребно е да се изработат урбанистички планови за село согласно член 14 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/2023 и 174/2024)

Во општина Чешиново-Облешево за 2025год. предвидена е изработка на УП за село за следните населени места:

Изработка на Урбанистички план за село

Урбанистички план за село		
1	Урбанистички план за село Теранци	буџет на општина
2	Урбанистички план за село Кучичино	буџет на општина
3	Урбанистички план за село Бурилчево	буџет на општина
4	Урбанистички план за село Уларци	буџет на општина
5	Урбанистички план за село Жиганци	буџет на општина
6.	Урбанистички план за село Лепопелци	буџет на општина
7.	Урбанистички план за село Новоселани	буџет на општина
8.	Урбанистички план за село Соколарци	буџет на општина
9.	Урбанистички план за село Бања	Буџет на општина
10.	Разработка на блокови за селата за кој веќе има донесено УПС	Буџет на општина
Планови во постака		
10.	УП за с.Спанчево	Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој
11.	Урбанистички план за Облешево	Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 6 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево
12.	Урбанистичли план за Чешиново	Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево
13.		Разработка по блокови или градежна парцела

Убанистички план вон населено место

Со Програмата се предвидува изработка на урбанистички планови вон населено место по потреба за плански опфат, за подрачјето на општина Чешиново-Облешево кои не се опфатени со урбанистички планови, на локалитети од интерес за општината и локалитети на кои ке можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот , како и условите за градење на комплекси и градби вон населени места.

Урбанистички план вон населено место (УПВНМ)	**Буџет на општината Заентерсирани правни и физички лица**
Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 комунална супраструктура – производство на електрична енергија –фотоволтаични панели на КП бр.1563 м.в Прогон КО Чифлик ,општина Чешиново-Облешево	**Заентерсирани правни и физички лица во постапка**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Програмата ги опфаќа Урбанистичките проекти вон опфат на урнаистички план кои се изработува за поединечни градби и инфраструктури од локално значење вон населени места и вон опфат наурбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште,крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички плансогласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризирансообраќаен пристап, а

доколку соодветен сообраќаен пристап не постои, со истиот урбанистички проект треба да се уреди и сообраќајниот пристап и другите инфраструктури.

	Урбанистички проекти	
2	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.7-Традиционални куќи за потребите на туризмот на КП бр. 210/1 КО Ново Селани Општина Чешиново-Облешево	Приватна иницијатива/самофинасирање
3	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-пречистителна станица со пристапен пат во КО Чифлик Општина Чешиново-Облешево	Буџет на општина

III

Програмата за изработка на урбанистички планови се финансира од буџетот на Општина Чешиново-Облешево и од заинтересирани правни и физички лица , чиј што програмски барања и подрачје на интерес се прифатливи за општината согласно член 41 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20, 111/2023 и 174/2024),

Заинтисираните физички и правни лица, барателиза изработка на Урбанистички проекти, да уплатат 20.000,00 (двааест илјади денари) на име „посебни трошоци во постапката“ кои ќе бидат наменети за исплата на надоместокот на членовите на Комисиите за урбанизам.

Реализацијата на плановите од Програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Средствата за изработка на урбанистички планови за 2025 год., Изнесуваат 5.000.000,00 денари.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби , како и позитивно одговорените барања на заинтересирани лица.

VI

Програмата влегува во сила осмиот ден од обајвувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево, а ќе се применува од 01.01.2025 год.

Бр.08-1722/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1737/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002), Закон за градење(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22 и 111/23) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Чешиново Облешево (Сл. гласник на општина Чешиново Облешево бр 6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново - Облешево за 2025година

Оваа програма преставува континуитет на превземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведување на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на просторот на територијата на општина Чешиново Облешево.

Со оваа Програма се уредува:

I.Просторот кој е предмет на уредување;
II.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфрастуксура;
IV.Изворите за финансирањена Програмата;
V .Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;
VII.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одражување на инфраструктурата;
VIII.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за изградба на инфрастуктурни објекти;
IX.Динамика на извршување на Програмата;
X. Преодни завршни одредби;

I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на Општина Чешиново - Облешево кое е опфатено со Урбанистички план , урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна дукументација.

II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:
II-1. Подготвителни работи и
II-2. Расчистување на градежното земјиште.

II-1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:
- Оформување на геодетска документација.
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.
Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ПТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со :

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на електрична мрежа;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

III-2 Дополнителна опременост на земјиштето:

- изградба на ПТТ мрежа;
- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување.

III-3 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето(инвеститор).
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од Електростопанство - ЕВН.
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.
- Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на

градежната парцела.

IV . ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА и
V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

	Програма за урбано планирање, Општина Чешиново-Облешево во 2025година.	
	ПРИХОДИ	
1.	**Средства од продажба на градежно земјиште**	
2.	**Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти**	
3.	**Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување МЖСПП, МТВ, Буџет на ЕЛС**	
4.	**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води ЦРИПР, АФПЗРР, МТВ, БРР и Буџет на ЕЛС**	
5.	**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици МТВ, АФПЗРР, БРР,Министерство за финансии Буџет на ЕЛС**	
6.	**Паркови и зеленила АФПЗРР, Буџет на ЕЛС**	
7.	**Други комунални услуги Буџет на ЕЛС**	
8.	**Изградба на детска градинка**	
9.	**Уредување на речни корита**	
	РАСХОДИ	
1.	**Уредување на градежно земјиште**	
	-Експропријација на градежно земјиште	
	-Надзор на изведбата на градежни објекти	
	-Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи)	
	-Геомеханички испитувања	
2.	**Уредување на простор во индустриска зона**	
3.	**Пренамена на земјиште од земјоделско во градежно**	
4	**Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)**	
	-Изработка на техничка документација -Изработка на архетектонски урбанистички проекти за УПС Чешиново , УПС Облешево и УПС Чифлик -Изработка на проектна документација за инфраструктура -Изработка на собракајни проекти -Изработка на локална урбанистичка планска документација надвор од населено место -проценка на земјиште --Тампонирање на пат -Рушење на бесправно изградени објекти -Рушење на стари објекти склони на паѓање -Изградба на детска градинка	
5.	**Изградба на системи за водоснабдување**	
	-Изградба на водоснабдителен систем во с.Облешево, с.Чифлик, с.Чешиново и с.Улрци -Реконструкција на веке постоечки водоводи	
6.	**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**	

	-**Изградба на фекални канализации на територија на општина Чешиново-Облешево:** -фекална канализација на дел од с.Облешево, -пречестителна станица во с.Чифлик, - фекална канализација со пречестителна станица во с.Соколарци, - фекална канализација во с.Уларци , -фекална канализација за с. Теранци, -фекална канализација во с.Бурилчево	
7.	**Уредување на речни корита**	
8.	**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**	

	-Изградба на Локален пат Кучичино-Чифлик -Изградба на Локален пат Чешиново-Чифлик -Изградба на Локален пат Спанчево-Чифлик -Изградба на локален пат с.Жиганци-с.Чешиново -Изградба на локален пат с.Уларци-с.Соколарци -Изградба на локален пат с.Соколарци-с.Врбица -Изградба на локален пат с.Жиганци-с.Уларци -Реконструкција на локален пат Облешево-Спанчево -Реконструкција на локален пат Чешиново-Спанчево **-Реконструкција на улици во општина Чешиново-Облешево** **-Изградаба на улици во општина Чешиново-Облешево** **Бање:**ул.„Брегалничка“. **Чешиново:** ул„Скопска“ , ул„Ристо Симионов“, ул„ Маршал Тито“ **Уларци**: ул„Горѓи Манов“ , ул„Блаже Серафимов“ и “Блаже Ефремов“ **Облешево**: ул„Питу Гули“ ,, ул“Браќа Ставреви“ и ул„Сремска“ул„Јоаким Крчовски“, **Спанчево**: „Страшо Ербапче“ , ул„7“ ,ул„С.Горгиев “ и крак на ул„Маршал Тито“ ул 1-	

	Мај КП 6058/1, и КП 5749/2 **Соколарци:** краци на ул„Осоговска “ и краци на ул„Лазар Манов“ **Чифлик:** ул „1,2,3,и4 на Петре Иванов, ул „ Прохор Пчински“ **Теранци**:ул „Богатин Вучков“КП 3509 ул„Стојан Јакимов“ КП 3629 **Кучичино:**ул „Гичо Стојчев“, ул „Трајан Мицков**“**	
9.	Сообраќаен режим на ул Маршал Тито во с.Облешево	
	Вкупно:	
		20.000.000,00
	ПРИХОДИ	20.000.000,00
	РАСХОДИ	

VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува по зони и тоа по населени места:

I. Зона-Чешиново,Облешево, Чифлик и Уларци
II. Зона-Соколарци,Спанчево,Бања Теранци , Кучичино
III.Зона-Бурилчево, Жиганци, Новоселани, Лепопелци и Врбица

-Висина на надоместок на локации во сопственост на граганите:

А)Индивидуални станбени згради
I. Зона 6 Евра x 61=366ден/м2
II. Зона 5 Евра x 61=305ден/м2
III.Зона 4 Евра x 61=244дем/м2

Б)Деловен простор и индивидуални дуќани
I. Зона 16 Евра x 61=976ден/м2
II. Зона 8 Евра x 61=488ден/м2
III.Зона 6 Евра x 61=366дем/м2

В)Индустриски и производни објекти
I. Зона 5 Евра x 61=305ден/м2
II. Зона 3 Евра x 61=183ден/м2
III.Зона 1 Евра x 61= 61дем/м2

Г)Селско стопански објекти
I. Зона 1.0 Евра x 61=61,0ден/м2
II. Зона 0.5 Евра x 61=31,0ден/м2
III.Зона 0.25 Евра x 61=15,0дем/м2

Д)Административни објекти
I. Зона 3 Евра x 61=183ден/м2
II. Зона 2 Евра x 61=122ден/м2
III.Зона 1 Евра x 61=61дем/м2

Ѓ)Времени објекти
I. Зона 20 денари од м2-месечно
II. Зона 15 денари од м2-месечно
III.Зона 10 денари од м2-месечно

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

За уредување градежно земјиште надвор од опфатот на населените места во Општина Чешиново - Облешево ке се наплаќа надоместокот за уредување по 1 евро за помошни објекти на земјоделско земјиште.

Виќенд куќите надвор од опфат на населените места односно надвор од опфат на урбанистички план, ќе имаат понизок степен на уреденост, а надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 50евра/м2 н.к.п. во денарска противредност.

-Начин на пресметување на Нето Корисна Површина (НКП)

Трошоците за уредување на градежно земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна поврашина што ќе се гради која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот,согласно заверена проектна документација помножена со следниве коефициенти:

1.Станбени објекти

-станбени простори, 1,0
-сранбени простории со висина до 2.50м поткровен простор 0,2
-лоѓија затворена од три страни 0,4
-подлоѓија затворена од две страни 0,3
-балкони, тераси 0,2
-заеднички проодни тераси,пасажи 0,2
-помошни простории,остава за гориво котлара, визба 0,3
-трафостаница од 35Кв во објектот и надвор од објектот 0,3
-складишен простор и заеднички комуникации 0,3
-стражарници, управител, простории за одмор 0,5
-паркиралошта и гаражи 0,1

2.Деловни, јавни и производни објекти

-простории 1,0
-магацини 0,5
-помошни простории,остава за гориво,котлара 0,3
-трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објектот 0,4
-складишен простор и заеднички комуникации 0,5
-паркиралишта и гаражи 0,1
-лоѓија затворена од три страни 0,5
-подлоѓија затворена од две страни 0,3
-балкони,тераси 0,4
-отворен наткриен простор 0,3

3.Други објекти

-катна гаража 0,05
-спортски покриени објекти 0,5
-спортски откриени објекти
-бензински пумпи,гасни станици и
-гасни станици и базни станици за 50% од поврашина на локација 1,0
-отворени пазаришта за 30% од поврашината на локција 1,0
-базени 0,2
-трафостаница над 35 Кв 1,0

4.За објектите од група на клси на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:

За објектите од група на класа на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РМ за последната година.

-Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,01
-Г3 сервиси 0,01
-Г4 стовариште 0,01

- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на комуналните трошоци при изградба на фотонапонски централи да изнесува 64денари /м2 за 50 % од поврашината на градежната парцела.

5.За бензнска пумпна станица и нејзини придружни содржини(продавници,кафетерии и ресторани,авто сервиси,авто салони, помошни простории)

-продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0
-услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0

6.За објектите од групата на класа на намени Б 5- угостителски и туристички комплеси,хотелски комплеси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:
-сите простории 0,05
- За објекти со намена А4.3- Виќенд куќи- сите простории со 0,05

7. За детски градинки ,пензионерски домови и домови за стари лица
-сите простории 0,05

Во новата корисна површина што ке се гради согласно заверена проектна документација не се пресметуваат поврашините на:
-инсталационите канали
-окната на лифтови
-окна на врати
-отворени паркиралишта
-подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство

За објектите од групата на класа на намена Б5- со височина над 32 ката , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваа на 27% од вкупно пресметаната површина

За агро берзи и откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

Висината на надоместокот за линиските подземни и надземни инсталации на инфраструктурните објекти во урбанизираниот дел на подрачјето висината на надоместокот изнесува 120 ден/м, по усвоена проектно-техничка документација доставена до инвеститорот.

Подрум-претставува ниво на објектот кој е целосновкопан во земјата или цоклето на приземјето е од 1м над теренот, а кај закосените терени до 65 см страничните површини да се вкопани.

Приземје-претставува ниво на објектот над подрумот или котата на подот да е на висина од о-1м над теренот доколку нема подрум.

Спрат- ниво на објектот над приземјето

Поткровје-ниво на објектот над последниот кат кој е делумно или во целост изграден внатре во кровната конструкција и е наменет за становање или друга намена чија најголема чиста висина на наѕидокот на краевите е до 1,5м, а на средината од дел до 2,50м.За овие поткровја се врши наплата за надоместок 20%.За поткровја со повисоки надѕидоци на краевите над 1,5м се пресметува надоместок измегу поткровје и кат.

Во корисна поврашина не се пресметува поврашина на ѕидови и други конструктивни елементи,инсталациони канали, окна за лифтови, скали тремови, ниши на врати и настрешници, базени, отворени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта. Пресметаната вкупна НКПсе намалува за (1-3%) за малтер на ѕидовите.
Доколку инвиститорот учествува во финансирањето на изработка на дел од УП, дел од средтвата дадени за финансирање УП ке му се прифатат во надоместокот за уредување на градежно земјиште, но не повеке од 50% од висината на вредноста.

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Урбанистички

планови за село ,Урбанистички планови вон населено место и техничко урбанистичка документација).
За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.
За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и извод од урбанистички план и согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

VII.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и извод од урбанистички план и согласности.
Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.
Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.
Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати.

При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (каде има донесено УПС) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на УП за село,УП вон населено место и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.

Во изработката на претходно наведената документација може да се вклучат и заинтересирани правни и физички лица според важечката законска регулатива.

IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од остворените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Чешиново - Облешево.

2. Градоначалникот на општина Чешиново - Облешево е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Чешиново - Облешево, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на општина Чешиново - Облешево.

3. Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево, а ќе се применува од 01.01.2025 год.

Бр.08-1719/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за поставување на урбана опрема на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1739/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22 и 111/23) член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр 5/02) и член 21 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за поставување на урбана опрема на територијата на општина Чешиново-Облешево, за 2025 година

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Чешиново-Облешево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема.

Член2

Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на предвидените градежни парцели согласно УПС каде организација и користење на просторот се врши согласно планската и проектната документација (пазар, училишта, автобуска станица, трговски центри, индустриски објекти, станбени и други јавни објекти).

Член 3

Одделни изрази употребени во оваа Одлука се:

-Урбана опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Под урбана опрема се смета опрема за продажба на: билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња. сладолед потоа телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување на објекти на органите на државната управа и резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, покриени и непокриени шанкови, платформи за јавни манифестации, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, жардињери за цвеќе, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

-**Јавни пешачки површини** се плоштади, тротоари, пешачки улици и други површини наменети за пешачко движење предвидени со УПС.

-**Слободна проодна површина** е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см.

2.ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 4

Урбаната опрема ,со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија,недозволена бучава и лоша миризба.

Член 5

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и треба да се обезбеди непречен пристап до истата односно да се обезбедат мин 120-150 см слободна проодна површина.

Член 6

На јавните пешачки површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп. Околу поставената урбана опрема не смеат да се преземаат градежни

активности, ниту да се поставуваат платформи, рампи или слично.

Член 7

Со поставување на урбана опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот простор, да се попречува користење на јавните пешачки површини или да се оневозможи пристап до соседните згради.

Член 8

При поставување на урбана опрема на јавни пешачки површини минималната слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см

Член 9

Урбана опрема може да се постави во пасивната пешачка зона од јавни пешачки површини кои се со минимална ширина од 3,50 м до 4,00 м за киоск или од 1,50 м ширина за поставување на корпи за отпад или жардињери. Пасивната пешачка површина се предвудува на минимално растојание од 0,80 м од рабникот на коловозот.

Член 10

Широчината на слободна проодна површина се мери од ивицата на коловозот .

Член 11

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, така да на раскрсници може да се постави урбана опрема на минимум 10 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Член 12

Во коридорот на Слободна проодна површина минималната слободна височина при поставување на рекламни понао, информативни табли , настрешници и тенди да изнесува минимум 3,20 м , а чадори за сонце минимум 2,50 м.

Член 13

Времетраењето на користењето на јавната пешачка површина може да биде: дневно, месечно, сезонско за неколку месеци, годишно и повеќе годишно но најмногу за период од 5 години.

Член 14

Поставувањето на урбанта опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин без оштетување на подлогата

Член 15

После завршувањето на рокот за користење на урбаната опрема корисникот е должен да ја врати површината во првобитна состојба..

3. ПОДЕТАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 16

Покрај основните услови од точка 2 на оваа Програма се утврдуваат и подетални стандарди за одделни елементи за урбана опрема и тоа:

1. Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли

-Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки зони и зелените површини во профилот на сообраќајницата, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

-Информативните табли служат за огласување, рекламирање и имформирање на граѓаните , а можат да бидат за јавна намена или за комерцијална намена;

-Поставувањето на информативните табли не треба да го попречува нормалното одвивање на пешачкиот и колскиот сообраќај;

- информативните табли може да се поставуваат на следниот начин:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно уметнички, спортски и други манифестации;

б) слободно стоечки, преносливи и други табли-паноа од рекламен карактер и друга содржина;

-Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат и на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.

- Локација бр1 (ознака во графички прилог)

КП бр.5783/1 КО Облешево



- Потребна документација :
  - Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација
  - Имотен лист
  - Основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на рекламното пано или информативната табла)

2.Клупи, фонтани и корпи за отпадоци

-Клупите, корпи за отпадоци, фонтаните и чешмите се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуска станица, во паркови и на други локации согласно елаборатот за поставување на урбана опрема;

-Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии 1,00 м х1,20 м за луѓето со хендикеп;

-Корпи за отпадоци можат да се постават како слободно стоечки или прикачени на фасади на објекти или на столбови за светилки.

- Потребна документација :
  - Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација
  - Основен проект- Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер и прилог од моделот на опремата.
  - И други документи дефинирани во Барањето.

3.Бини (платформи)

- Бини (платформи) се поставуваат за време на одржување на спортски, културно уметнички манифестации, туристички, политички и сл.

-Поставувањето и отстранувањето на истите треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата за временски период од 1 до 15 дена.

-Бините се поставуваат на плоштади и на површини кои можат да примат поголема група на граѓани.

-Предвидени локации за поставување на бини за одржување на културно- уметнички манифестации на територијата на општината се :

- Потребна документација :
- Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација
- Основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на бината-платформата ,(опремата) со атест или ревизија)
- И други документи дефинирани во Барањето.

4. Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опрема за забава за деца се поставува по повод државни и верски празници на места каде има доволен простор за тоа, во близина на паркинг простор, а јавната површина се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

- Потребна документација :
- Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација

- Ревидиран основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

5.Опрема за спортско рекреативни активности

Опремата за спорт и реквизити за детските игралишта се поставуваат на градежно изградено земјиште за јавна намена (парковско, заштитно зеленило и зеленило за спорт и рекреација).

- Потребна документација :
  - Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација
  - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер.
  - Основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
  - И други документи дефинирани во Барањето.

6.Паркинзи во функција на објекти на органите на државната управа и на објектите на општината

-Паркинзите ќе се поставуваат согласно потребите на општината, а типот и локациите ќе се определува со посебен елаборат**.**

- Потребна документација :
  - Извод од Урбанистички план или урбанистичко планска документација
  - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер.
  - Основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)

4. ПОСТАПКА И СОГЛАСНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 17

Урбана опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставување на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на општината.

Член 18

Урбана опрема за јавна употреба се поставува врз основа на идеен и одобрен елаборат. Елаборатот го изготвува Општината или овластени институции врз основа на стандардите утврдени со оваа Програма.

Член19

Урбана опрема за комерцијална намена се поставува врз основа на изготвен и одобрен Основен проект .Основниот проект го изготвува овластен проектант по барање на корисникот кој Бара поставување на урбана опрема. За поставената урбана опрема за комерцијална намена се плаќа надомест според Законот за комунални такси.

5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Општинските инспекции ќе вршат надзор над спроведување на стандардите и постапките за поставување на урбаната опрема.

Член 21

Постојните сопственици и корисници на урбана опрема на јавна пешачка површина и пред угостителски објекти што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Програма се должни во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на оваа Програма да се прилагодат кон стандардите на истата. Во спротивно општинските служби ќе преземат мерки за нивно отстранување на сметка на сопственикот на објектот.

Член 24

Измена, дополнување, прошируавање и промена на оваа програма може да се изврши како за потребите на Општина Чешиново - Облешево така и по иницијатива од

заинтересирани правни и физички лица, согласно законска регулатива.

Средствата за реализирање на оваа програма кои се предвидени за 2025 година изнесуваат 60.000.000,оо денари

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-1720/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1741/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на Република Македонија бр.6/2012, 166/2014, 150/2015 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.53/2012) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година донесе:

П Р О Г Р А М А
за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

Вовед

Согласно член 16 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на Република Македонија бр.6/2012, 166/2014, 150/2015 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.53/2012), Единиците на Локалната Самоуправа се должни да ги утврдуваат и унапредуваат еднаквите можности и да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојување на мерки и активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности меѓу половите.

(1) Единиците на локалната самоуправа за постигнување на целите на овој закон, во рамките на своите надлежности се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на општи и посебни мерки од членовите 5, 6 и 7 од овој Закон и да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат општите и посебните мерки.

(2) Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој

се однесува на единиците на локалната самоуправа.

(3) Органите на единиците на локалната самоуправа при донесувањето на развојни планови и други акти и одлуки, се должни да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот за еднакви можности на жените и мажите .

(4) Органите на единиците на локалната самоуправа се должни да соработуваат со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.

(5) Единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојно тело со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа.

I.Мерки и Активности

-Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при општина Чешиново-Облешево ке соработува со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија на граѓани активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.

-Комисијата за еднакви можности од ставот (5) на овој член:

-Дава мислење во однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот и мислењето ќе го доставува до Советот на разгледување;

-Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на Стратегијата за развој на единицата на локалната самоуправа, донесувањето на буџетот на единицата на локалната самоуправа, Статутот, Програмата на Советот и др.

-Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација;

-Ке се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите и други закони од областа на еднаквите можности и не - дискриминацијата, предлагајќи му на Советот мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа.

-Насоките и мерките за постигнување на целите ќе бидат насочени во посебни области на општествениот живот пред се во областа на вработувањето, социјалната сигурност и здравствената заштита, образованието, семејните односи и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот.

-Комисијата со цел да ги зголеми еднаквите можности помеѓу мажите и жените ќе организира трибини, семинари, работилници, ќе промовира пропаганден материјал и информациски кампањи со изработка на флаери во соработка со женските невладини организации.

-Комисијата ќе се заложи за отварање на канцеларија со одредување на администатративно лице, техничка опрема на канцелариите со отварање на СОС телефон.

-Комисијата ќе ги промовира еднаквите можности помеѓу мажите и жените на локално ниво.

II. **Цели**

-Охрабрување на жените за пријавување на семејното насилство како и насилство за време на работа.

- Човечките права - недискриминација

-Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница

-Подигање на свеста за грижа на жената на сопственото здравје

-Подобрување на информираноста кај младите за заштита од несакана бременост и инфективни заболувања.

-Изготвување на основни статистички податоци за економско-социјална положба на жените на територијата на општина Чешиново-Облешево

-Родово одговорно буџетирање

-Јакнење на капацитетите/едукација на КЕМ, советниците од советот на општината, општинска администрација, образовни институции (како и други чинители во општествениот живот)

-Интезивирање и проширување на соработката со НВО од областа на еднаквите можностите

III.Задачи:

- Одржува трибини и предавања
- Формирање на женски НВО

-Одржува состаноци со сите претставници на женските форуми од политичките партии со цел на поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во јавниот живот

-Обезбедува финансиска подршка преку вработување на жени и жени самохрани мајки.

-Организира трибини и работилници за подигање на јавната свест за социјално вклучување на самохраните лица во општествениот живот.

-Обезбедува субвенционирано доделување на социјални станови.

IV.Јавност

Во врска со предложените мерки и активности на Комисијата за родова рамноправност, граѓаните на општина Чешиново-Облешево ќе бидат информирани преку средствата за јавно информирање.

На Web-страната на општината и

На официјалната фејсбук страна на општината

V.План за акција

Комисијата ќе се состанува на секои три месеци со цел да се направи преглед на спроведените активности во периодот што изминал, и превземање на мерки за наредни активности.

Комисијата на крајот на годината ќе достави финален извештај за својата работа до Советот на општината.

VI.Буџет

Работата на Комисијата ќе биде финансирана од Буџетот на општината и разни општи и тековни донации.Вкупно обезбедени финансиски средства од Буџетот на општината..... 30.000,00денари

-Одржување на трибини за потикнување свеста кај жените за заштита од семејно насилство како и едукација за навремено информирање до социјалните установи и МВР – 7.000,00денари

-Трибина и едукација на жените од малигни заболувања како и рано откривање на рак на дојка и матка –6.000,00 денари.

-Трибина за малолетна деликвенција(разни пороци кај младите, како алкохол,дрога идр,).- 4.000,00денари.

-Работилници – 4.000,00денари

-Учество во проекти за наведените случаи – 5.000,00денари

-Печатење на флаери и др.потребни материјали за трибини и работилници. – 2.000,00денари.

-Други тековни трошкови – 2.000.00денари.

VII. Завршни Одредби

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ке се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1724/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1742/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 28, точка 3 од Законот за заштита и благосотојба на животните („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/2023), Советот на општина Чешиново-Облешево на седница одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година

I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, условите,организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни. Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2025 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња и начинот на постапување. Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Чешиново-Облешево ќе опфатат:

-заловување на кучињата,
-транспорт до прифатилиште,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
-ветеринарно медицински третман на кучињата,овариохистеректомија и орхиектомија,
-постоперативно сместување и нега,
-вакцинација и дехелментација и доколку е потребно лекување,
-обележување со микрочип,
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

Општината ќе постапува и благовремено ќе го извести избраниот извршител на дејствијата по претходна писмена или усна пријава од страна на граѓаните и по сопствено утврдување дека бројот на овие животни на територијата на општината е значително зголемен.

IV. Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на Програматае должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија,а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучињата и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

V. Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активнос ти за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

VI. Обем на активности

Програмата предвидува заловување и третирање на 30 бездомни кучиња годишно. Активностите ќе се одвиваат по потреба.

Овластено лице во Општината прима повици од граѓаните каде има скитници и писмено по електронски пат го известува економскиот оператор за термин на заловување.

По повикот во првате (дневни) активности ќе се извршуваат редовните увиди и контроли на прометните појаси, согласно Програмата, но и ќе се интервенира по повик од граѓани.

Во втората (ноќна) работна активност, во зависност од временските услови, ќе се одвива доцна навечер или рано наутро, при што се предвидува контрола и прифаќање на кучиња на веќе обработените појаси и повторни интервенции.

Во населените делови на Општината Чешиново- Облешево се превидува да има околу 30 кучиња скитници. Истите да минат третман во прифатилиште да се кастрират, да бидат микрочипувани, да имаат маркица жолта на увото и околовратник.

За истите кучиња ќе се води регистар. Почнувајки од 2025 година секоја година се планира нивна вакцинација – Беснило, дехелментизација и клинички преглед.

VII.Финансирање

Финансирање на Програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Чешиново- Облешево.

За предметна набавка се планирани финансиски средства во вкупен износ до 50.000,00 денари (педесет илјади денари) без пресметан ДДВ.

Плаќањето ќе се врши врз основа на извршена реализација.

VIII.Извршител

Носител на активностите од оваа Програма е Општината Чешиново- Облешево, врз основа на претходна согласност на Советот на Општината Чешиново - Облешево. Извршител ќе биде избран годишно на Јавен оглас преку Јавни набавки согласно позитивните законски прописи.

IX.Надзор

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секорот за комунални работи.

Инспекциски надзор врши Секторот за инспекциски работи на преку Општина Чешиново- Облешево инспекторите за комунални работи. Работата и активностите по Програмата е Општина Чешиново- Облешево и економскиот оператор и се под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам во Општина Чешиново-Облешево. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува кварталнии извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево “, а ќе започне да се применува од 01.01.2025 година.

Бр.08-1728/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за остварување на социјална

заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1744/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 3 и член 11 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија бр.104/2019), член 22 точка 7 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за остварување на социјалната заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.ВОВЕД

Остварувањето на социјалната заштита во општина Чешиново-Облешево се заснова на важечката законска регулатива и подзаконските акти во Република Северна Македонија и тоа: Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националата програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејство и други акти, врз основа на кои се утврдува социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.

Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес и врз основа на Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) член 22 точка 7, општините имаат надлежност да ја спроведуваат социјалната заштита во следните области: социјална заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување), остварување на социјална грижа за инвалидните лица, слепи лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст..Посебна грижа се предвидува на т.н. ранливи групи. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

Социјалната заштита на граѓаните општина Чешиново-Облешево ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Воспоставува систем на социјална заштита и овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

Оваа програма поблиску ги уредува подрачјата на социјалната заштита, специфичните потреби на населението на општина Чешиново-Облешево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Во програмата се применети определбите на Локалната самоуправа со која се имплементираат стратешките приоритети на Општината за тековната година, согласно Буџетот на Општина Чешиново-Облешево, но и мерките утврдени со политиката и документите на национално ниво.

За превземање мерки и унапредување на превенцијата, општината има соработка со Центарот за социјална работа Кочани и Општинската организација на Црвен крст, така што ги идентификува поединечните случаи на кои им е потребна помош.

2.ВИЗИЈА на Годишната програма

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Приоритетите и мерките на програмата ќе бидат определени врз основа на анализа на состојбите на целокупната сфера на социјалното живеење и идентификуваните проблеми во неа. Притоа во анализата особено внимание ќе се посвети на проблемите и искуствата со кои се соочуваат различните категории и групи на граѓани.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјалната заштита, во општина Чешиново-Облешево е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробитта на своите граѓани, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените, мажите и децата.

Согласно член 2 од Законот за социјална заштита, социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност),
- ризици на старост и стареење,
- ризици на еднородителско семејство,
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично,
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Категории на лица кои ќе бидат опфатени со оваа Програма кога ќе се најдат во исклучително тешка ситуација се:

- лица со инелектуална и телесна попреченост
- деца без родители и родителска грижа
- деца со посебни потреби
- деца од еднородителски и социјално загрозени семејства
- тешко болни лица
- Лица жртви на семејно насилство и сексуално злоупотребувани деца
- стари лица без семејна грижа
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, поплави и сл.
- лица изложени на социјален ризик.

3.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

Со цел обезбедување на социјалната заштита за ранливите категории на граѓани, општина Чешиново-Облешево во 2024 година, ќе ги спроведува следните активности:

Цел. 1	**Олеснување на движењето и физичка комуникација за лицата со телесна и интелектуална попреченост и намалување на социјалната исклученост**	
	Активност 1	Обезбедување на превоз за лица со посебни потреби до здравствена/социјална институција во неопходни случаеви (доколку лицето живее само или семејството нема можности)
	Носители	Општината обезбедува возило или ги покрива трошоците за превозот до

		здравсвена/социјална установа
	Финансирање	Финансисите се обезбедени од буџетот на општината а висината на финансиите е во зависност од потребите на барателот и се определуваат со одлуката донесена од советот на општината
	Индикатори за следење на реализацијата	Реализирана услуга
	Активност 2	Покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до Дневниот центар на деца со посебни потреби
	Носители	Општина Чешиново-Облешево
	Финансирање	Финасиските средства во зависност од настанатите трошоци се исплаќаат на трансакциска сметка на родителот.Висината на финансиските средства се определуваат со одлука од советот на општината
	Индикатори за следење на реализацијата	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
Цел. 2	**Намалување на социјалната исклученост на децата без родители и родителска грижа, деца од еднородителски и социјално загрозени семејства**	
	Активност 1	Покривање на трошоците за ужина во периодот додека децата одат на училиште
	Носители	Општина Чешиново-Облешево
	финансирање	Висината на финансиските средства за реализиран оброк се определуваат со одлука на советот на општината
	Индикатори за следење на реализацијата	Реализирана услуга/Исплатени финансиски средства на доставувачот на ужината (по доставена ф-ра)
Цел 3	**Да им се помогне финансиски за задоволување на основните биолошки и социјални потреби на ранливите категории граѓани / социјално загрозените семејства**	
	Активност 1	Еднократна финансиска помош за социјално загрозени семејства
	Носители	Општината Чешиново-Облешево
	финансирање	Општината - еднократно од 1000-6000 денари
	Индикатори за следење на реализацијата	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
	Активност 2	Еднократна финансиска помош за лекување
	Носители	Општина Чешиново-Облешево

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

	финансирање	Општината - еднократно од 1000-6000 денари (за лекување со оперативен зафат во странство до 12000 денари)
	Индикатори за следење на реализацијата	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
Цел 4	**Да им се помогне на лицата во социјален ризик - старите и изнемоштени лица да добијат услуги кои ќе им го подобри квалитетот на животот во сопствениот дом**	
	Активност	Пружање услуги за помош и нега во домашни услови
	Носител	Услугата се реализира преку Нега центарот во Кочани кој функционира во рамките на општинската организација на Црвен крст-Кочани и се реализира на територијата на општините Кочани, Чешиново-Облешево и Зрновци
	Финансирање	Услугата се финасира преку МТСП
	Индикатори за следење на реализацијата	Реализацијата на социјалната услуга „Помош и нега во домот“ е следена од Црвен крст Кочани
Цел 5	**Ублажување на последиците во случај на настаната елементарна непогода**	
	Активност	Материјална помош за семејства погодени од елементарна непогода
	Носител	Општина Чешиново-Облешево
	финансирање	Помошта е материјална, За висината на финансиските средства што ќе се одобрат за набавка на материјали советот донесува одлука и зависат од настанатата штета
	Индикатори за следење на реализацијата	Доставени материјали до барателот
Цел 6	**На семејствата во социјален ризик кои се наоѓаат во исклучително тешка ситуација да им се помогне за пристојно и достоинствено одбележување на новогодишните и божиќните празници**	
	Активност	Обезбедување пакети со основни прехранбени производи и средсва за хигиена непосредно пред новогодишните и божиќните празници
	Носител	Општина Чешиново-Облешево
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 1000-1500 ден.по пакет/корисник
	Индикатори за следење на реализацијата	Доставени социјални пакети на корисниците

4.ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

За остварување на секоја од мерките на социјална заштита се доставува барање до Советот на Општина Чешиново-Облешево со образложение за потребата од помош.

Разгледувањето на поднесените барања од граѓаните (поединечно за секое барање) ќе го врши Комисија за финансии формирана од страна на Советот на општина Чешиново-Облешево.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка.

За остварување на мерката за покривање на трошоците за превоз за децата со посебни потреби кои посетуваат Дневен центар во прилог на барањето задолжително се доставува потврда од Дневниот центар со која се потврдува дека детето го посетувало центарот.

За остварување на мерката за финансиска помош за социјално загрозени семејства се доставува барање до Советот на општината, во прилог на кое се доставува потврда дека истите се невработени/корисници на социјална помош.Одобрените финасиски средства се исплаќаат на трансакциска сметка на корисникот.

За остварување на мерката за финансиска помош за лица со здравствени проблеми во прилог на барањето до Советот на општината задолжително се доставува и медицинска документација за лекувањето..

4.1. Социјална услуга – „Помош и нега во домот“

За жителите на Општина Чешиново-Облешево, обезбедена е услугата „Помош и нега во домот“ која се реализира во соработка со соседните општини Кочани и Зрновци и ја опфаќа и територијата на општина Чешиново-Облешево.

Како извршител/давател на услугите од овој проект се јавува Општинската организација на Црвен крст во рамките на која функционира „Нега центар“ со седиште во Кочани.Со овој проект се ангажирани пет негователи за стари лица жители на општина Чешиново-Облешево кои се имаат стекнато со сертификати за негователи за стари лица и ги опслужуваат корисниците на територијата на општина Чешиново-Облешево.

За остварување на услугата корисниците поднесуваат Барање во надлежниот Центар за социјални работи во Кочани кој донесува решение за користење на услугата. Финансирањето на услугата се обезбедува преку Министерството за труд и социјална политика.

4.2.Помош во случај на елементарни непогоди

Општина Чешиново-Облешево во делот на социјална заштита предвидува можност за помош во материјал за обнова на опожарени куќи, поплавени куќи или штета настаната од друг вид на елементарна непогода. Често се случува овој вид на помош да им е потребна на семејства кои живеат во тешки супстандардни услови и семејства кои имаат деца со посебни потреби.

Активностите во случај на елементарна непогода се состојат во:

- Поддршка на програми и активности за кризна интервенција за брзо и ефикасно дејствување во случај на непогоди.
- Координација на распределувањето на хуманитарна помош обезбедена преку општина Чешиново-Облешево.

4.3.Организирање на хуманитарни акции

За потребите на маргинализираните групи: лицата со посебни потреби, старите и изнемоштени лица , како и семејства со социјален ризик, Општината ќе организира собирни акции во храна, облека и обувки, училишни помагала, средства за хигиена и друго, а за тешко болните лица во соработка со Центарот за социјални работи Кочани ќе посредува за добивање на парична помош.

За овие акции општината ќе го вклучи Црвениот крст и други невладини организации

кои можат да помогнат во организирањето на хуманитарните акции.

4.4.Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци и поддршка на Дневниот центар за стари лица во Облешево

За реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поедници ќе се финансираат: Оганизацијата на Црвен крст, Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија кои остваруваат активности од областа на социјалната и здравствената заштита на територијата на Општина Чешиново-Облешево, за потребите на маргинализирани групи како: лица со посебни потреби, стари лица, лица корисници на социјална помош и слично.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

Зголеменото учество на старото население во севкупното население е причина се повеќе да се актуелизира ова прашање, притоа создавајки услови за подобрување на квалитетот и подигање на стандардот за живот на старите лица. Општина Чешиново-Облешево активно работи на:

- Вклучување на пензионерите во акции и активности од поширок општествен интерес и значење и искористување на културниот и професионалниот ресурс кој можат да го понудат;
- поддршка на програми за збогатување на формите на активирање на пензионерите преку културно – забавни, рекреативно – спортки, едукативно – здравствени и други активност
-Финансиска и материјална помош за работа во Дневниот центар за стари лица во Облешево

5.ФИНАНСИРАЊЕ

Финасиските средства кои се потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Чешиново-Облешево ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чешиново-Облешево 2025 година.

Вкупно обезбедени финансиски средства:
Од Буџетот на општина Чешиново-Облешево..... 600.000,00 ден.

Овие финансиски средства ќе се користат за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка финансиска состојба и во специфични услови и тоа:

1. Лица со интелектуална или телесна попреченост...1.000,00 до 6.000,00 денари
2. Деца на улица (деца без родители и родителска грижа) .... 1.000,00 до 5.000,00 денари
3. Деца со посебни потреби..... 1.000,00 до 6.000,00 денари
4. Деца од еднородителски семејства.....1.000,00 до 6.000,00 денари
5. Лица изложени на социјален ризик.....1.000,00 до 10.000,00 денари
6. Стари лица без семејна грижа.....1.000,00 до 10.000,00 денари
7. Лица со здравствени проблеми.....1.000,00 до 6.000,00 денари (за лекување со оперативен зафат во странство до 12.000,00 денари)
8. Лица погодени од елементарни непогоди, пожари и друго (висината на финансиските средства што ќе се одобрат да бидат во зависност од настанатата штета)
9. Помош за Дневен центар за стари лица Облешево (во зависност од потребите)

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на барателот.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1726/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за поддршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за поддршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1745/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 44 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1. Вовед

Во општина Чешиново-Облешево основното образование се одвива во две основни училишта, а предучилишно образование и воспитание во една детска градинка.

Финансирањето на основните училишта се реализира преку Блок дотацијата за основното образование од Министерството за образование и наука, а Детската градинка преку Блок дотацијата за детска заштита од Министерството за труд и социјална политика.

Со оваа програма се дава дополнителна подршка на училиштата и детската градинка во реализирањето на проектни активности, едукација и подршка на ученичкиот активизам, преку локално поврзување на училиштата за развој на локалната заедница како и промоција на успешни ученици поединци од општина Чешиново-Облешево. Со оваа програма се опфатени наградите кои се доделуваат на учениците од основните училишта и подароците на децата од детската градинка во Општина Чешиново-Облешево во 2025 година.

2. Основни цели

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во целина во основните училишта на територијата на Општина Чешиново-Облешево во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Целта е да помогнеме во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, мотивирање на учениците и афирмирање на личноста на ученикот.

3. Активности

Во рамките на активностите се планирани следниве содржини:

- Подршка на образовните институции при планирање и реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во наставните и воннаставните училишни проекти.
- Подршка на ученици од социјално ранливи категории
- Промовирање и подршка на успешни поединци и успешни екипи
- Подароци на запишаните првачиња во основните училишта и децата од детската градинка

3.1 Подршка на образовните институции при планирање и реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во наставните и воннаставните училишни проекти

Во рамките на Годишните програми за работата на училиштата се планираат и реализираат содржини за кои е потребна локална координација и подршка. Тоа е основа за планирање на содржини за подршка на образованието каде како локална самоуправа даваме подршка на активностите и нивна координација во поврзување на повеке воспитни институции и локална промоција.

Училиштата планираат и реализираат содржини за работа согласно насоките од БРО и МОН финансиски покриени од блок дотациите добиени од МОН како и активности кои се планираат и реализираат преку проекти во кои се вклучени или аплицираат училиштата.

Општината согласно законот за локална самоуправа обезбедува подршка на воиспитно-образовниот процес за реализирање на активности од годишните програми на училиштата кои се од интерес на локалната заедница во кои се вклучени учениците и вработените од училиштата.

3.2 Подршка на ученици од социјално ранливи категории

На учениците од социјално загрозените семејства потребна им е помош (пред се финансиска) за непречено посетување на настава. За намалување на социјалната исклученост на децата без родители и родителска грижа, деца од еднородителски и социјално загрозени семејства покриени се трошоците за ужина во периодот додека децата одат на училиште.

За остварување на оваа мерка, од училиштата се доставуваат Барања до Советот на општината со податоци за ученици од социјално-загропзени семејства на кои им е неопходна ваква помош. Висината на финансиските средства за реализиран оброк се определуваат со одлука на советот на општината, а се исплаќаат на доставувачот на ужината по доставена фактура.

За оваа активност се предвидени средства со Програмата за остварување на социјалната заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година .

3.3 Промовирање и подршка на успешни поединци и успешни екипи

Со оваа програма се опфатени наградите кои се доделуваат на учениците од основните училишта прогласени за првенци на генерацијата и учениците поединци кои освоиле награда на државен натпревар или на меѓубароден натпревар односно олимпијада.

Паричните награди ќе се одобрат со одлука на Советот на општина Чешиново-Облешево.Заради промовирање и подршка на наградените ученици, паричните награди свечено ќе им бидат доделени на Свечена седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Со награда од 6000 денари ќе бидат наградени учениците кои ќе бидат прогласени за ученици на генерацијата за учебната 2024/2025 година, во општинските основни училишта.

Со парична награда од 3000 денари (или вредносен ваучер од 3000 денари) ќе бидат наградени ученици од основните училишта кои ќе остварат особени достигнувања по одредени

предмети на државни натпревари во учебната 2024/2025 година.

Посебно ќе се промовира и со пригодна награда ќе биде наградена екипата (односно учениците нејзини учесници) која ќе оствари посебни достигнувања во одредени области на спортот на државните натпревари во учебната 2024/2025 година За оваа намена ќе се издвојат најмногу до 60.000 денари.

.

3.4 Подароци за запишаните првачињата во основните училишта и децата од детската градинка

Подароци - пакетчиња со училишен прибор, на првиот училишен ден ќе бидат доделени на сите првачиња запишани во основните училишта во Општина Чешиново-Облешево. Финансиските средства за оваа намена може да варираат во зависност од бројот на запишани ученици.

Новогодишни пакетчиња се предвидени за децата од предучилишна возраст во детската градинка „Ѕвездички“ во Општина Чешиново-Облешево и за оваа намена финансиските средства се во зависност од бројот на децата во детската градинка .

4.Финансирање

За финансирање на програмата ќе се обезбедат сретства од буџетот на Општина Чешиново-Облешево :

- За наградите за учениците на генерација од двете основни училишта ..... 24.000 денари
- За награди за ученици кои ќе остварат особени достигнувања по одредени предмети на државни натпревари....12.000 денари
- За награди за екипи кои ќе остварат особени достигнувања по на државни натпревари..... 60.000 денари
- За пакетчиња со училишен прибор за првачињата од двете основни училишта ..... 20.000 денари
- За новогодишни пакетчиња за децата од детската градинка се потребни ..... 30.000 денари

Вкупно ..... 146.000 денари

Бр.08-1725/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за оддржување на јавна чистота на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за оддржување на јавна чистота на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1747/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Слижбен весник на Република Македонија бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 23/2011, 53/2011, 80/2012, 163/2013, 44/2015 и 147/2015, и 31/2016), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
За одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Чешиново-Облешево, односно планирање и димензионирање на работната рака и механизацијата која е на располагање и која треба да се набави и тоа:
Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамиката, начинот на вршење на работите, одржување на постоечките и поставување на нови соодветни садови за фрлање отпадоци на јавните површини и отворените простори пред јавните објекти

Согласно одредбите од Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните објекти.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини го врши ЈПКД “Облешево”.

Потекло и вид на сметот на јавните површини

Според начинот на живеење и работење на луѓето, одржувањето на јавната чистота е условено од следните фактори:

-Густината на населението
-Градскиот сообраќај
-Станбениот простор
-Културните навики на населението
-Стандардот
-Самодисциплината на граѓаните
-Придржување на позитивните прописи

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на **ЈПП (јавно прометна површина)** начинот и динамиката на одржување на истата.

1.Секојдневен смет

А) обичен уличен смет

-кутии од цигари и кибрити, отпадоци од цигари
-искористени билети, хартија од разни пакувања
-останати отпадоци од сличен карактер

Б)Отпадоци од возила кои настануваат:

-при превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)
-при товарање и растоварање на разни стоки
-при собирање на домашен смет
-при косење на тревни површини

В)Загадување од атмосферата

-загадување од чад, прав
-индустриски оџаци
-гасовите од моторните возила

Г)При интензивно врнење на дождови

-наноси од земја, песок, лисја и друго

2.Сезонски смет

Се појавува сезонски и обично го има два вида

-лисја од дрвјата, земјоделски отпад, суви гранки и слично
-песок, згура и ситен камен кој во зимски период служи за посипување на ЈПП, површини заради намалување на лизгавоста кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани

Категоризација на ЈПП за утврдување на редоследот на чистење по денови во месецот

За изработка на организациониот план за чистење на ЈПП еден од важните фактори е категоризацијата на ЈПП. Категоризацијата на ЈПП зависи од : населеноста на населеното место, распоредот на работните и станбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

Имајќи го во предвид искуството од претходните години ја предлагаме следнава категоризација:

I Категорија

Населено место Облешево и населено место Чешиново на главните улици кои се со густа фрекфенција на движење ќе се чистат еден пат во неделата, а работите ќе се изведуваат рано наутро.

II Категорија

Густо населени улици во населените места Спанчево, Соколарци, Чифлик и Теранци со густа фрекфенција на движење. Работите ќе се изведуваат еден работен ден во неделата.

Работите од овие две категории ќе се изведуваат наутро со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.

Во зимски период кога паѓањата од снег се поголеми од 15см во колку работниците кои ја одржуваат чистотата на Јавните и Прометните површини ќе работат во населените места на општината и ќе ги извршуваат следните работи:

-Отварање на пешачки премини

-Отварање на пешачки патеки по улиците

-Целосно чистење на мостовите

-Чистење и празнење на уличните корпи

III Категорија

Густо населени улици во населените места со послаб градски промет и луѓе, односно споредните улици во населено место Облешево и населено место Чешиново. Работите ќе се изведуваат два дена во месецот.

IV Категорија

Густо населени улици во населените места со послаб градски промет и луѓе, односно споредните улици во населените места Спанчево, Соколарци, Чифлик и Теранци, како и сите останати населени места во општината Кучичино, Новоселани, Лепопелци, Бања, Бурилчево, Жиганци и Уларци. Работите ќе се изведуваат еден работен ден во месецот.

Миењето на ЈПП се врши рачно со црево. Работата се извршува еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

V Категорија

Во оваа категорија спаѓа: изнесување на песок, кал лисја по поројни дождови.

Повремени работи

Како повремени работи се јавуваат пречистување на ЈПП по барање на органите на Локаланата самоуправа за време на државните празници, по барање на инспекциските служби и друго. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во програмата за одржување на ЈПП за 2025 година се предвидени следните активности:

-Површини кои служат како приоди во колективните станбени згради

-Расчистување на диви депонии

-Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај

I-ва Категорија

Метење на јавни и сообраќајни површини и улици, два дена во неделата од 07.00 – 11.00 часот

Ред.бр.	Име на површината	m2
1.	Централните улици во населено место Облешево	4.700
2.	Централните улици во населено место Чешиново	4.000

II-ра Категорија

Метење на јавни и сообраќајни површини и улици, еден ден во неделата од 07.00 – 11.00 часот

	Име на површината	m2
1.	Централните улици во населено место Спанчево	4000
2.	Централните улици во населено место Соколарци	3000
3.	Централните улици во населено место Чифлик	3000
4.	Централните улици во населено место Теранци	3000

III-та Категорија

Метење на јавни и сообраќајни површини и улици, два дена во месецот од 07.00 – 11.00 часот

Ред.бр	Име на површината	m2
1.	Споредни улици во населено место Облешево	6000
2.	Споредни улици во населено место Чешиново	4000

IV та категорија

Улици од кои се собираат отпадоци со рачни колички еден ден во месецот од 08.00 – 15.00 часот

Р.бр	Име на површината	m2
1.	Останати улици во населено место Спанчево	4000
2.	Останати улици во населено место Соколарци	3000
3.	Останати улици во населено место Чифлик	2000
4.	Останати улици во населено место Теранци	2000
5.	Улици во населено место Кучичино	3000
6.	Улици во населено место Новоселани	1000
7.	Улици во населено место Лепопелци	1000
8.	Улици во населено место Бања	3000
9.	Улици во населено место Бурилчево	3000
10.	Улици во населено место Жиганци	3000
11.	Улици во населено место Уларци	3000

За квалитетно извршување на работните задачи неопходна е обнова на садовите за собирање на смет од ЈПП, набавка на опрема и средства за работа. Во 2025 година планирана е набавка на:

Ред.бр.	Опис	Количина
1	Пластични улични корпи за смет	80
2	Улични корпи за смет	50
3.	Возило за потребите ЈПКД	1
4.	Специјални контејнери за селекција на отпад	20

Пластичните улични корпи за смет ќе се постават во сите населени места.

Уличните корпи за смет ќе се постават по главните улици во населените места.

Контејнерите ќе се постават соодветно во секое населено место.

П Р Е Г Л Е Д

На непосредни извршители на Програмата

Редбр.	Работно место	Број на извршители
1	Чистачи на јавно прометни површини	5
	Вкупно	5

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок

Висината на надоместокот ја утврдува Советот на општината во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата – обемот за одржувањето на јавните површини во општината

Планирани приходи

1.Домакинства – Станбена површина	По 20,00 денари од домаќинство
Дворна површина	
2.Претпријатија – Работни простории	По 50,00 денари од претпријатие
Дворна површина	
Вкупно:	

За реализирање на Програмата предвидени се следните извори на средства:

1.Преку цената на сметот за одржување на ЈПП	50.000,оо денари
2.Преку Буџет на Општина Чешиново-Облешево за одржување на ЈПП	50.000,оо денари
3.Преку општокорисна работа	20.000,оо денари
Вкупно:	120.000,оо денари

Предвидените приходи од домаќинствата и претпријатијата за реализирање на програмата се земени како да се наплатени во целост.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Програмата за јавна чистота ќе се спроведува од страна на ЈПКД Облешево.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Чешиново-Облешево по доставени месечни ситуации од страна на ЈПКД „Облешево“ и спроведен надзор од општината.

Инспекцискиот надзор над спроведувањето на Програмата за јавна чистота ќе врши комуналниот инспектор.

Влегување во сила на Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Чешиново-Облешево

Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Чешиново-Облешево за 2025 година влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Програмата ќе се применува почнувајќи од 01.01.2025 година

Бр.08-1730/1 Совет на
22.11.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1748/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
ЗА ЈАВНИ РАБОТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

I. Вовед

Општина Чешиново-Облешево се наоѓа во најнискиот рамничарски предел од Кочанско Поле, во средното сливно подрачје на река Брегалница. Зафаќа простор од 133,5 км2. Општината зазема средишна позиција помеѓу поголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. Преку главната сообраќајница Штип-Кочани-Делчево, општината се поврзува со Република Бугарија.

Општинскиот центар е с.Облешево а во склоп на општината се и следните населени места: Чешиново, Чифлик, Соколарци, Спанчево, Теранци, Жиганци, Бања, Кучичино, Бурилчево, Уларци, Новоселани, Лепопелци и Врбица. Општината брои 5.419 жители (попис 2021 година) од кои 41,2 % се активно население. Во општината претежно живее македонско население со сосема мал процент на влашко население. Миграцијата село-град последните години е доста опадната

II. Што опфаќа програмата

- Собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од населението на уредени депонии;

- Одржување на јавна чистота во општината, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, отворени одводни канали, како и чистење на снегот во зимски уаслови;
- Одржување и користење на паркови, зеленило, водни и рекреативни површини, под што се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично;
- Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење, под што се подразбира нивно редовно инвестиционо и зимско одржување;
- Одржување на јавно осветлување, под што се подразбира промена на прегорени сијалици и слично;
- Одржување на сточниот и зелениот пазар во Облешево;
- Сечење и складирање на огревно дрво на јавни и сообраќајни површини;
- Одржување на гробиштата во сите населени места;
- Водоснабдување;
- Одведување и пречистување на отпадни води, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиенд, како и чистење на септички јами.

Работите кои се планираат да бидат реализирани со Програмата за јавни работи се следните:

- Одржување на локалните патишта и дел од Магистралниот пат А3 кој поминува низ с.Облешево
- Одржување на паркови и зеленило
- Одржување, чистење на пазарот
- Чистење на постоечки депонии
- Одржување, чистење на гробиштата во сите населени места на територија на општината
- Уредување на просторот на и околу селските игралишта
- Уредување на јавни површини

Бројот на лица кои се планира да бидат ангажирани со програмата е 7 лица.

Се работи за лица со завршено основно и средно образование, лица од социјално загрозени семејства.

1.Одржување на локалните патишта, дел од магистралниот пат А3 кој поминува низ с.Облешево и улиците во самите населени места

На територија на општина Чешиново-Облешево има 10 локални патишта со вкупна должина од 27,1 км.

На самиот почеток на работните активности се планира да започнат со санација на банкините на локалните патишта. Истите се обраснати со трева и грмушки за што е потребно нивно косење и кастрење.

Со програмата е предвидено и уредување на улиците (тротоарите) во самите населени места

Со извршување на овие работи ќе се подобри движењето на пешаците и возилата и тоа со подобрување на прегледноста и безбедноста на сообраќајот како и при влез и излез на земјоделски машини во и од нивите.

Со започнување на земјоделските работи се зголемува фреквенцијата на луѓе и земјоделски машини по патиштата. Пешаците до своите ниви пристигнуваат движејќи се по банкините на локалните патишта (скоро сите локални патишта граничат со ниви на кои претежно има засеано ориз и засадени градинарски култури)

Се предвидува и:

- Рамнење на банкините оштетени од атмосферски влијанија
- Вадење на оштетените и поставување нови сообраќајни знаци

поправка на заштитана-еластична ограда на локалните патишта

- Санирање на поголеми дупки на локалните патишта
- Санирање на поголеми дупки на улиците во самите населени места

2.Одржување на паркови и зеленило

Во општина Чешиново-Облешево парково зеленило има во три населени места и тоа во Облешево , Чешиново и Соколарци. Парковите се од затворен тип, оградени.

Со програмата се предвидува:

- фарбање на клупи
- фарбање на корпи за отпадоци
- косење на трева и наводнување
- засадување на цвеќиња во тревникот
- засадување на цвеќиња во бетонски саксии
- кастрење на декоративни, зимзелени, нискорастечки дрвца засадени во внатрешноста на фонтаната која се наоѓа во средина на паркот
- поправка и фарбање на заштитна ограда
- засадување нови садници
- наводнување и кастрење на садниците
- прскање и дезинфекција на садници заради заштита од болести и инсекти
- поправка и одржување на детско игралиште кои се во склоп на паркот
- фарбање на канделабрите и замена на прегорени сијалици
- Се предвидува и уредување на зелени површини во другите населени места.

3.Одржување на пазарот

Пазарот е лоциран во с.Облешево. Истиот се простира на површина од 1000 м2.

Со програмата се предвидува

- Реконструкција на оштетени врати и оштетена заштитна ограда (заварување, фарбање)
- Замена на скината метална мрежа, која го оделува зелениот од сточниот пазар;
- Рекострукција на поилки за стоката во пазарот;
- Поправка и фарбање на тезгите
- Окопување на дрвца (кастрење и полевање)

Површината на пазарот е земјена така што постојат вдлабнатини кои при врнежи се полнат со вода и со тоа се спречува максималното искористување на просторот на пазарот поради неможноста на тие места да се постават подвижни тезги, како и да се сместат возила со приколки со стока.Со проектот тие вдлабнатини ќе се пополнат со песок-чакал, ќе се изврши рамнење и правилно распоредување.

4.Чистење на диви депонии

Во општина Чешиново-Облешево со средства од Владата на РСМ се исчистени дивите депонии. За жал од несовесни граѓани повторно има формирање на диви депонии во и околу населените места

Со оваа Програма се предвидува вработените во ЈПКД заедно со лицата кои ќе бидат ангажирани преку програмата да вршат собирање на расфрланиот смет и одлагање на истиот во возило за изнесување на отпадот до депонијата во Кочани. Исто така ќе бидат исчистени и самите населени места од сметот кој е расфрлан по улиците.

Со тоа ќе се придонесе кон спречување и намалување на штетните влијанија на отпадот и на депониите врз животната средина и врз животот и здравјето на самото население.

Со програмата е предвидено и поправка на заштитната ограда на депонијата Буќески дол на места каде таа е оштетена.

5.Чистење и одржување на гробиштата

Со Програма за одржување на гробиштата, донесена од Советот на општина Чешиново-Облешево предвидени се активности кои ЈПКД треба да ги спроведе за одржување на гробиштата. Поради малиот број на вработени, ЈПКД не може да одговори на обврските предвидени во Програмата.

Со програмата се предвидува:

- косење на тревата во гробиштата во сите населени места во општината
- уредување на стазите во гробиштата

- поправка заштитната ограда околу гробиштата

6.Уредување на просторот на и околу селските игралишта

Во сите населени места на територија на општината постојат селски игралишта. Истите се доста оштетени (исушена или обрасната трева, искината ограда, оштетени стативи, вдлабнатини-дупки на теренот и сл.)

Со проектот се предвидува санирање на сите горе наведени работи.

7.Уредување на јавни површини во општината

Под јавни површини во општината ги ставивме уредување на училишните дворови (косење на трева, засадување на цвеќиња и сл.), уредување на дворот на општинските згради, уредување и дворот на црквите и уредување на дворот на Јавното Претпријатие.

8.План за одржливост и рок на реализација на програмата

ЈПКД „Облешево“ ќе биде надлежно околу одржливоста на резултатите постигнати со програмата. Работите од јавен интерес се надлежност на јавното претпријатие.

Рокот на реализација на оваа Програма е предвиден во текот на целата календарска година, во зависност од потребите.

9.Финансирање

Финансирањето по основ на оваа Програма ќе биде од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Во Буџетот на општина Чешиново-Облешево се предвидени средства во износ од 1.500.000,00 денари за оваа намена.

Средствата ќе бидат исплаќани како трансфер до ЈПКД “Облешево“ кои ќе бидат одговорни за спроведување на Програмата.

ЈПКД „Облешево“ ќе доставува извештаи до општината во врска со спроведување на Програмата.

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1731/1 Совет на
22.11.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2025 година , што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1749/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 44 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/20152015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА

I. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Чешиново-Облешево кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата и спортот;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Чешиново-Облешево ;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет и спецификите на Општина Чешиново-Облешево ;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење, соодветно на статусот на општина Чешиново-Облешево;
- Промовирање и поддржувањена нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Чешиново-Облешево како културно и спортски развиена Општина ;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна и спортска соработка.

II. Активности

- Активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на културата и спортот ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма. Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:
- Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно - уметнички и спортски манифестации со потврдени квалитетии присутен голем интерес на жителите од општината, регионот и пошироко;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот и спортскиот живот на општината;
- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;
- Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби и спортски натпревари на подрачјето на општина Чешиново-Облешево;
- Поддржување на културно-историски манифестации, манифестации од историско наследство, културна традиција во општина Чешиново-Облешево.

III. Финасирање

Активностите на општина Чешиново-Облешево од областа на културата, и спортот утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025година.

При реализација на Програмата, Општина Чешиново-Облешево ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите и спортските клубови при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Македонија за 2025 година (преку надлежните министерства)
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и
- Други извори.

IV. Распоредување на буџетските средства

Средствата од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2025година се распоредуваат како учество на Општина Чешиново-Облешево за поттикнување, одржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата и спортот, **Вкупно 1.265.000,00 денари** за следните активности:

Р. бр	Назив на активност	Износ во денари
1	Манифестација Ден на општина 21 Септември-Мала Богородица	500.000,00 денари
2	Организирање на Манифестација Ден на штркот	20.000.00 денари
3	Фестивал на оризот	20.000,00 денари
4	Манифестација Св.Трифун – с.Кучичино	50.000,00 денари
5	Бадников - Коледарски оган	30.000,00 денари
6	Манифестација „Сурва“ – с. Теранци	15.000,00 денари
7	Богојавление-Водици	30.000,00 денари
8	Одбележување на 27 Април 1905 – годишнина од смртта на македонскиот револционер Никола Карев кај Свиланово	10.000,00 денари
9	Организирање на Илинденски Спортски Игри – Чешиново	400.000,00 денари
10	Финансиска или матрејална помош за Меморијални турнири во фудбал	80.000,00 денари
11	Црковни и граѓански собири	30.000,00 денари
12	Мото дефиле	10.000,00 денари
13	Други манифестации и културни активности кои ќе се одржат на територијата на општина Чешиново-Облешево	90.000,00 денари

ДЕТАЛЕН ОПИС НА АКТИВНОСТИ :

1. <u>Манифестација Ден на општина 21 Септември - Мала Богородица</u>

Организатор: ОпштинаЧешиново-Облешево

Ден,место на одржување: 21 Септември , Парк Облешево

Опис на настан:

- Организирање на прием кај градоначалникот

-Свечена седница на Советот на општина Чешиново-Облешево *(доделување на годишни признанија, награди од распишан литературен конкурс и сл.)*

- Традиционално зажнејување на ориз (*подготовка на и оспособување на простор, набавка на потребни намирници: сок,погача и сл.*).

- Културно уметничка програма со концертен настап на естрадни уметници - Техничка организација (*озвучување, бина со конструкција, осветлување, организирање и уредување на просторот, закуп на штандови).*

- Обезбедување на сувенири(подароци) за учесниците;

- Коктел за гостите;

- Сместување за гости.

Вкупно.....500.000,00 ден.

2. <u>Манифестација Ден на Штркот</u>

Организатор: Општина Чешиново-Облешево во соработка со основните училишта од општината и детската градинка.

Ден, место на одржување: прва

половина на месец мај, парк с.Чешиново

Опис на настан: Културно уметничка програма со едукативни содржини.

Техничка организација (*озвучување, уредување на прсотор)*

Вкупно .....20.000,00 ден.

3. Фестивал на оризот

Организатор: Оризова братимка и Општина Чешиново-Облешево

Ден,место на одржување: Октомври , парк Чешиново

Опис на настан: Културно уметничка програма, збогатена со дегустација на ориз.

Техничка организација (озвучување, уредување на прсотор)

Вкупно .....20.000,00 ден.

4. Манифестација Св.Трифун – с.Кучичино

Организатор: Месна заедница Кучичино , жители на с.Кучичино

Место на одржување: с.Кучичино, 14 Февруари.

Опис на настан: Културно уметничка програма со настап на естрадени уметници,збогатена со лотарија. Учество на општина Чешиново-Облешево во набавка на телевизор или друг вид на бела техника како главна награда на организираната лотарија.

Вкупно .....50.000,00 ден.

5. Бадников - Коледарски оган

Организатор: Месните заедници Учество на општина Чешиново-Облешево во набавка на риба за приготвување на прославите.

Вкупно .....30.000,00 ден.

6. Манифестација „Сурва“ – с. Теранци

Организатор: Месна заедница Теранци , жители на с.Теранци

Место на одржување: с.Теранци, 14 Јануари.

Опис на настан: Културно уметничка програма со настап на естрадени уметници, збогатена со лотарија. Учество на општина Чешиново-Облешево во набавка на телевизор или друг вид на бела техника како главна награда на организираната лотарија.

Вкупно .....15.000,00 ден.

7. Богојавление-Водици, Потопување на светиот крст во осветените

води

Организатор: Месните заедници

Место на одржување: с.Спанчево, с.Соколарци, с.Жиганци, .Кучичино,с.Теранци, с.Чифлик.

Учество на општина Чешиново-Облешево во набавка на подароци за среќните факачи на крстот.

Вкупно .....30.000,00 ден.

8. Одбележување на 27 Април 1905 – годишнина од смртта на македонскиот револционер Никола Карев кај Свиланово

Организатор: Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани

Место на одржување: Спомен обележје кај м.в Свиланово с.Рајчани.

Опис на настан: Учество на општина Чешиново-Облешево во организрање на настанот со традиционално положување на цвеќе, литературно читање, и др. Активности како мото дефиле и слично.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Вкупно .....10.000,00 ден.

9. Организирање на Илинденски Спортски Игри – Чешиново

Организатор: Општина Чешиново-Облешево

Место на одржување: Фудбалско Игралиште с.Чешиново, Јули - 02 Август

Опис на настан: Одржување на турнири во фудбал помеѓу екипи од источниот регион на Македонија.

- **Техничка организација** (озвучување на официјалното отварање и финалето на игрите, подготовка на теренот).
- ангажирање на надворешни соработници за организирање на игрите.
- изготвување на покани, благодарници, дипломи и сл.
- набавка на пехари и медали и сл.

Обезбедување на финансиски средства за награди и тоа :

Фудбал 1 место .....120.000,00 денари

Фудбал 2 место .....60.000,00 денари

Вкупно .....400.000,00 ден.

10. Меморијални турнири во фудбал (Финансиска или матрејална помош)

Организатор: Група граѓани

Опис на настан: Организирање на Меморијални турнири во фудбал.

Финансиска или матрејална помош од страна на општина Чешиново-Облешево за набавка на топки,мајци и слично за турнирите.

Вкупно .....80.000,00 ден.

11. Црковни и граѓански собири

Организатор: Група граѓани, Месна заедница, црковни одбори

- Финансиска помош за црковните одбори за приготвување и одбележување на Верски празници

Вкупно .....30.000,00 ден.

12. Мото дефиле

Организатор: Мото клуб од Чешиново-Облешево

- Финансиска помош за мото клубот за заедничко организирање на мото дефиле за одбележување на „27 Април годишнина од смртта на Никола Карев“ или „21ви Септември Ден на општина“ или друг празник.

Вкупно .....10.000,00 ден.

13. Други манифестации културни и спортски активности кои ќе се одржат на територијата на општина Чешиново-Облешево

Вкупно .....90.000,00 ден.

Средствата распоредени за дополнително утврдени манифестации, културни и спортски активности ќе ги насочува Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево , за активности кои не се опфатени со оваа Програма, а со својата активност, значење и квалитет придонесуваат за остварување на програмираните цели во областа на културата и спортот .

V. Манифестации и приредби што ќе се подржуваат и помагаат со други форми и активности

Други форми и активности со кои ќе се поддржуваат и помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Покровителство на Општина Чешиново-Облешево ;
- Доделување награди, пригодни подароци и слично;

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадрите и опремата со која располага Општина Чешиново-Облешево ;

- Учество на претставници на Општина Чешиново-Облешево, при организирање протоколарни и промотивни средби, одржување на манифестции и реализирање на проекти од областа на културата и спортот .

Другите форми на активности за поддршка и помош на манифестациите и приредбите, натпреварите ќе се реализираат од страна на надлежниот орган на Општина Чешиново-Облешево и тоа по барање на организатори на манифестациите и реализаторите на проектите до Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево , усогласено со целите н а оваа Програма и расположивите можности на Општина Чешиново-Облешево.

VI. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево а ќе започне да се применува од 01.01.2025 година.

Бр.08-1718/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Годишната Програма поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1751/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 79 од Закон за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012, 144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање (Сл.весник на РМ“ бр.123/2008), и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема (Сл.весник на РМ бр.36/2010) донесен од Министерството за транспорт и врски, Советот на Општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Програмата за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-облешево за 2025 година, на градежно неизградено земјиште сопственост на РСМ со изградена инфраструктура и за кое е донесена урбанистичко планска документација, опфаќа:

-Локалитети за поставување на времени објекти во општина Чешиново-Облешево и начин на користење на земјиштето за поставување на истите

-Висина на надоместок за користење на градежно уредено земјиште за поставување на времени објекти, и начин на плаќање на истото

-Времетраење на користење и услови за поставување на времените објекти

-Тип и форма на времени објекти кои треба да бидат поставени

-Преодни и завршни одредби

ЛОКАЛИТЕТИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ

Локалитети за поставување на времените објекти се:

Центрите и уредените јавни површини во населените места (селата) во општина Чешиново-Облешево

Доколку се јави потреба од поединечни локации за поставување на времени објекти, истите ќе се одредат со Одлука на Советот за дополнување на Програмата за поставување на времениот објект.

Поставувањето на времените објекти ќе се врши со постапка согласно член 79 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22).

ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ, И НАЌИН НА ПЛАЌАЊЕ НА ИСТОТО

Висината на надоместокот за користење на просторот за поставување на времените објекти во општина Чешиново-Облешево се определува согласно местоположбата утврдена со Програмата за уредување на градежно земјиште за определување на зони во општината, донесена од страна на Советот на општина Чешиново-Облешево

Висината на надоместокот за поставување на јавна површина за времениот објект, ќе биде определена со посебно Решение, согласно Одлуката за комунални такси донесена од Советот на општина Чешиново-Облешево.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за поставените времени објекти, при евентуално поврзување со инфраструктурната мрежа ќе го определи општината а во висина на остварените трошоци за приклучување на инфраструктурата (струја, вода и канализација)

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ

Времетраењето на користење на поставените времени објекти е за период од пет календарски години и е определено со Решението за поставување на времениот објект, со можност за продолжување по истекот на секои наредни пет години, до реализација на Урбанистичкиот план.

Решението се продолжува по барање на странката – корисник на времениот објект.

ТИП И ФОРМА НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ПОСТАВЕНИ

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради вршење на: сообраќајни дејности (привремени паркинзи и приодни патеки), продажба на храна, туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и

летни дискотеки) и објекти кои се во функција на граничните премини.

Времените објекти се поставуваат по добиено одобрение за поставување на времен објект, кое го издава Градоначалникот на општината, на лицата кои склучиле договор за краткотраен закуп за предметното земјиште.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

-Типот и изгледот на времените објекти на локациите во општина Чешиново-Облешево ќе биде дополнително определен во зависност од интересот и потребите на учесниците во огласот

-Времените објекти се поставуваат за времетраење од 5 години со можност овој рок да биде продолжен со ново Решение за секои наредни 5 години

-Право на користење на градежното земјиште за времените објекти може да биде одземено и објектот отстранет од локалитетот доколку објектот се користи за друга намена и се вршат дејности различни од предвидените, како и доколку корисникот редовно не го плаќа надоместокот за користење на посставување на времениот објект

-Одземање на правото на користење и отстранување на објектот ќе се изврши со Решение за отстранување донесено од Градоначалникот на општината, а отстранувањето ќе се изврши од страна на инспекциските служби во општината

-Меѓусебните права и обврски во однос на уредувањето на градежното земјиште помеѓу општината и корисникот ќе се регулира со посебен Договор

-Доколку корисникот не го плати надоместокот за поставување на времениот објект во рок од 15 дена од денот на издавањето на Решението за поставување, го губи правото на користење на градежното земјиште за поставување на времениот објект

-Доколку дојде до промена на Урбанистичкиот план на локациите на кои е поставен времениот објект, корисникот е должен на свој трошок да го отстрани објектот во рок од 15 дена од денот на добивање на Решението, без оглед на рокот за кој е поставен објектот

-Корисникот на времениот објект не може да го оттуѓи правото на времено користење на земјиштето, ниту објектот да го издава под закуп на други лица.

-Ако го оттуѓи правото на користење на земјиштето или објектот го издаде под закуп, со Решение ќе му биде одземено правото на поставување на времениот објект

-За занаети кои стваараат бучава и занаети кои ја загадуваат животната средина, согласно Програмата, не се предвидени локации.

Прогармата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува од 01.01.2025 година.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1721/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1752/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и член 21 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), согласно член 157 став 3 од Законот за Основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

Член 1

Блок дотацијата од Буџетот на Република Северна Македонија наменета за финансирање на основното образование се дели помеѓу 2 (двете) основни училишта во општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Критериуми за распределба на блок дотацијата помеѓу основните училишта се: основната сума на блок дотацијата наменета за општината, потребните средства за бруто плати, бројот на ученици во училиштето и бројот на паралелки во училиштето.

Член 3

Средствата кои се добиваат по основ на Блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија за двете основни училишта во општина Чешиново-Облешево, се распоредуваат на два дела и тоа:

А) Дел за бруто плати;
Б) Дел за материјални трошоци.

Член 4

Делот за бруто плати на вработените во училиштата се утврдуваат врз основа на бруто платата и планираниот број на вработени во училиштата во тековната година.

Член 5

Делот на средствата што се однесуваат за материјални трошоци се распоредуваат по следните критериуми:

• 80 % од вкупните средства се делат на еднакви делови помеѓу двете училишта, или 50:50%;

- Останатите 20% се распределуваат според следната формула:

$$ОУ = 0{,}30 \times \frac{С}{УО} \times Уоу + 0{,}70 \times \frac{С}{ПО} \times Поу$$

ОУ – основно училиште
С – сума за распределба
УО – број на ученици во општината
Уоу – број на ученици во основното училиште
ПО – број на паралелки во општината
Поу – број на паралелки во основното училиште

Член 6

Неискористените средства од Блок дотацијата за основно образование за 2024 година, согласно член 50 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, општината ќе ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2024 година, а доколку има неискористени средствата кои ќе останат како салдо од претходните години, во 2025 година ќе се распределат согласно нереализираниот буџет на соодветното училиште во 2024 година.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 7

Општината да изврши пресметка на износот на средства кои припаѓаат на соодветните училишта, согласно дефинираните критериуми, и да ги извести училиштата.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-1717/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1746/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Извештај за работа на ЈПКД Облешево за 2024 година
Изготвувач:ЈПКД Облешево
Рок на разгледување:Јануари
2.Извештај за работа на пазарот во Облешево за 2024 година
Изготвувач:ЈПКД Облешево
Рок на разгледување:Јануари
3*.Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за период јануари-декември 2024*
Изготвувач: Овластен сметководител-Советник по сметководство
Рок на разгледување: Јануари
4. Извештај за реализација на Програмите за работа на општината за 2024 година
Изготвувач: Комисии од областа
Рок на разгледување: Јануари
5*.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за 2024 година*
Изготвувач: ЈПКД Облешево
Рок на разгледување: Јануари
6.**Извештај за извршување на Одлуките донесени од Советот на општината за период октомври-декември 2024**
Изготвувач: Градоначалникот
Рок на разгледување: Јануари
7.***Програма за одржување на паркови и зеленила во општината за 2024 година***
Изготвувач:ЈПКД Облешево
Рок на разгледување:Јануари
8.***Информација за работа на пазарот во Облешево за месец јануари 2025 година***
Изготвувач:ЈПКД Облешево
Рок на разгледување:Февруари
9.Информација за уличното осветлување на територија на општина

Чешиново-Облешево за месец јануари 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Февруари

10.Завршна сметка на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

Изготвувач:Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Март

11.Завршна сметка на ЈПКД Облешево за 2024 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Март

12.Завршна сметка на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново за 2024 година

Изготвувач: ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново

Рок на разгледување: Март

13.Завршна сметка на ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за 2024 година

Изготвувач: ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци

Рок на разгледување: Март

14.Информација за извршени припреми за реализација на планот за наводнување за 2025 година

Изготвувач:Водни заедници – Водостопанство Брегалница

Рок на разгледување:Март

15.Информација за извршени припреми за планот за сеидба

Изготвувач: МЗШВ, подрачно одделение Кочани

Рок на разгледување:Март

16.Информација за работа на пазарот во Облешево за месец февруари 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Март

17.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец февруари 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Март

21.Информација за работа на пазарот во Облешево за месец март 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Април

18.Извештај за извршување на Буџетот за период јануари-март 2025

Изготвувач: Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Април

19.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец март 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Април

20.Извештај за извршување на Одлуките донесени од Советот на општината за период јануари-март 2025

Изготвувач: Градоначалникот

Рок на разгледување: Април

21.Информација за состојбата со наводнувањето во општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба

Изготвувач: МЗШВ, подрачно одделениеКочани

Рок на разгледување:Мај

22.План и Програма за одржување на Илинденски Спортски Игри Чешиново 2025 година

Изготвувач:Комисија за општествени дејности

Рок на разгледување:Мај

23.***Информација за работа на пазарот во Облешево за месец април 2025 година***

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Мај

24.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец април 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Мај

25.Информација за работа на пазарот во Облешево за месец мај 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Рок на разгледување:Јуни

26.***Информација за состојбата со патната мрежа на територија на општината***

Изготвувач: МВР-ПС Кочани

Рок на разгледување:Јуни

27.***Годишен Извештај за крајот на учебната година во Основните Училишта***

Изготвувач:ООУ „Климент Охридски“, Облешево и ООУ „Страшо Пинџур“, Соколарци

Рок на разгледување:Јуни

28. Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец мај 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Јуни

29.Извештај за извршување на Буџетот за период јануари-јуни 2025

Изготвувач: Овластен сметководител - Советник по сметководство

Рок на разгледување:Јули

30.Периодичен извештај за работа на Градоначалникот

Изготвувач:Градоначалникот

Рок на разгледување:Јули

31. Информација за работа на пазарот во Облешево за месец јуни 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Јули

32.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец јуни 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Јули

33.Извештај за извршување на Одлуките донесени од Советот на општината за период април-јуни 2025

Изготвувач: Градоначалникот

Рок на разгледување: Јули

34.Извештај за Илинденски Спортски Игри Чешиново 2025

Изготвувач: Комисија за општествени дејности

Рок на разгледување:Август

35.План и Програма за прослава на празникот на општината, 21ви Септември

Изготвувач: Комисија за празници и манифестации

Рок на разгледување:Август

36.*Информација за извршување на жетвата и откупот на стрни жита од родот 2025 година*

Изготвувач:МЗШВ подрачно одделение Кочани

Рок на разгледување:Август

37. Информација за работа на пазарот во Облешево за месец јули 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Август

38.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец јули 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Август

39.**Годишна Програма за работа на основните училишта за учебната 2025/2026 година**

Изготвувач: Основните Училишта

Рок на разгледување:Август

40.Годишна Програма за работа на Детската Градинка за воспитнта 2025/2026 година

Изготвувач: ЈОУДГ „Ѕвездички“ Чешиново

Рок на разгледување:Септември

41.Информација за подготовките и извршувањето на есенската сеидба

Изготвувач: МЗШВ подрачно одделение Кочани

Рок на разгледување:Септември

42.Информација за почетокот на учебната година во основното образование во општина Чешиново-Облешево

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Изготвувач:ОУ Климент Охридски, Облешево и ОУ Страшо Пинџур, Соколарци

Рок на разгледување:Септември

43.Информација за работа на пазарот во Облешево за месец август 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Септември

434Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец август 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Септември

45. Информација за работа на пазарот во Облешево за месец септември 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Октомври

46.Извештај за извршување на Буџетот за период јануари-септември 2025

Изготвувач: Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Октомври

47.***Извештај за прославата на празникот на општината***

Изготвувач: Комисија за општествени дејности

Рок на разгледување:Октомври

48.Програма за зимско одржување на локалните патни правци во општината

Изготвувач:Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Рок на разгледување:Октомври

49.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец септември 2025

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Октомври

50.Извештај за извршување на Одлуките донесени од Советот на општината за период јули-септември 2025

Изготвувач: Градоначалникот

Рок на разгледување: Октомври

51.*Информација за извршување на оризовата жетва и откупот на оризовата арпа од родот 2025 година*

Изготвувач:МЗШВ подрачно одделение Кочани

Рок на разгледување: Ноември

52. Информација за работа на пазарот во Облешево за месец октомври 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Ноември

53.Информација за уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец октомври 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево

Рок на разгледување: Ноември

54.Нацрт Буџет за 2026 година

Изготвувач:Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Ноември

55.Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2026 година

Изготвувач:Комисија за родова рамноправност

Рок на разгледување: Ноември

56.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач:Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Рок на разгледување:Ноември

57.*Програма за јавно осветлување за 2026*

Изготвувач:Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Рок на разгледување:Ноември

58.Програма за социјална заштита за 2026 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Изготвувач: Комисија за општествени дејности

Рок на разгледување:Ноември

59.Програма за јавни работи за 2026

Изготвувач:Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Рок на разгледување:Ноември

***60.*Програма за изработка на Урбанистички Планови (за село), Урбанистички Планови вон населено место, ЛУПД и измени и дополнувања на урбанистички планови за 2026 год.на подрачјето на општина Чешиново-Облешево**

Изготвувач: Комисија за урбанизам

Рок на разгледување:Ноември

61.Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач: Комисија за урбанизам

Рок на разгледување:Ноември

62.Програма за управување со отпад за 2026 година

Изготвувач: Комисија за урбанизам

Рок на разгледување:Ноември

63.*Програма за работа на ЈПКД Облешево за 2026 година*

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Декември

64.Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач:Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Рок на разгледување: Декември

65. Извештај за наплата на закупнини за издадени деловни простории под закуп, сопственост на општината

Изготвувач:Одбор за комунални дејности

Рок на разгледување:декември

66.Буџет на општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач:Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Декември

67.Одлука за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач:Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Декември

68.Одлука за благајнички максимум за 2026 година

Изготвувач:Овластен сметководител-Советник по сметководство

Рок на разгледување:Декември

69.Програма за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Изготвувач:Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот

Рок на разгледување:Декември

70.Информација за наплата на даноците во општина Чешиново-Облешево за 2025 година

Изготвувач:Одделение за даноци

Рок на разгледување:Декември

71.Извештај за работа на Советот на општината

Изготвувач:Претседател на Советот

Рок на разгледување:Декември

72.Годишен извештај за работа на Градоначалникот на општината

Изготвувач:Градоначалник

Рок на разгледување:Декември

73. Информација за работа на пазарот во Облешево за месец ноември 2025 година

Изготвувач:ЈПКД Облешево

Рок на разгледување:Декември

74.Информација за уличното осветлување на територија на општина

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Чешиново-Облешево за месец ноември 2025 година

Изготвувач: ЈПКД Облешево
Рок на разгледување: Декември

Бр.08-1727/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за активностите на општина Чешиново-Облешево за ревитализација поелиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025та година

1.Ја прогласувам Програмата за активностите на општина Чешиново-Облешево за ревитализација поелиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025та година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1753/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и член 9 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Чешиново-Облешево (*Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/15 и 7/19), Советот на општина Чешиново-Облешево седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
За активностите на општина Чешиново-Облешево за ревитализација поелиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025тагодина

- Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација поелиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, општински противпожарен сојуз ,секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Чешиново-Облешево 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи , одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Чешиново-Облешево,

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територијана општина Чешиново-Облешево со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

1.ЦЕЛИ

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба,
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

2. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочен и кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спсжасување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Чешиново-Облешево преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Чешиново-Облешево и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенција и справување со кризни појави дејствувањето Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва и Секциите на млади пожарникари, Територијалната протипожарна единица (сопосебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

- Средства од буџетот на општина Чешиново-Облешево и Републичкиот буџет,

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации (операција ФЛОРИОН и др.), правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

	ПРИХОДИ	

1	Буџет на општина Чешиново-Облешево	700.000,оо денари
2	Сопствени приходи од давање на услуги	20.000,оо денари
3	Приходи од други извори,донации, проекти	100.000,оо денари
4	ВКУПНО 1-3	820.000,оо денари

Б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалнитедобра за побезбедна општина

	РАСХОДИ	
1	Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици	30.000,оо денари
2	Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во сите училишта	10.000,оо денари
3	Општински противпожарен сојуз - организирање на квиз натпревари	20.000,оо денари
4	Набавка на техничка и заштитна опрема	30.000,оо денари
5	Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата	2.000,оо денари
6	Набавка на работни униформи за ДПД	10.000,оо денари
7	За обука договорни услуги	10.000,оо денари
8	Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности	10.000,оо денари
9	Помошна изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно	10.000,оо денари
10	Проектни активности - школа за млади пожарникари во соработка со ФЛОРИОН	30.000,оо денари
11	Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи	20.000,оо денари
12	Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи	20.000,оо денари
13	Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар	20.000,оо денари
14	Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината	5.000.оо денари
15	Тактичко-показнивежби и активностизапревенција и справување со кризни состојби и појави	700.000,ооо денари
16	ВКУПНО 1-15	820.000,оо денари

5 Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната против пожарна единица, Општински отпротив пожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во општина Чешиново-Облешево освен со финансиски средства Советот на општина Чешиново-Облешево освен со финансиски средства Советот на општината и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираатсо :
- Учество на градоначалнико и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина

Чешиново-Облешево и Одделението за локален еконоски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Чешиново-Облешево ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со стварување на програмските цели и активности.

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства семинорни во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елемнтарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина.

Бр.08-1732/1 Совет на
22.11.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1743/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен Весник на Република Македонија бр. 66/2004; 139/2008; 99/2009; 149/2014; 150/2015 и 37/2016) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. 5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИОТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА

ВОВЕД:

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Чешиновио-Облешево од заразни болести, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигање на повисоко ниво на заштита на населението од зарази болести

Главна цел на Програмата е спроведување на општи мерки за заштита на нселението од заразни болести, спроведување на општи, превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2025 година.

Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и финансиските средства за спроведување на општите мерки.

Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа во соработка и под стручен надзор од ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани.

За заштита на населението од заразни болести во 2025 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување
2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна.
3. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните објекти.
4. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување.
5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација
6. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2025 година примарната грижа на Општина ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО ке биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум, санирање на недостатоците на селските водоводи и воспоставување на системи за перманентно хлорирање и создавање на услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

Правно неиздржано е со јавните водоснабдителни објекти во селата да управуваат нестручни лица на месната самоуправа, која нема статус на правно лице. Прописите кои се поврзани со водоснабдувањето (Законот за вода, Законот за комунални дејности и другите прописи за водоснабдување) пропишуваат со јавните водоснабдителни објекти да стопанисуваат јавни претпријатија или други правни лица. Одлуката за Комунален ред на Општина ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО го пренесува организираното водоснабдување на населението на ЈПКД “ОБЛЕШЕВО”. Рационално и квалитетно решение е ЈПКД “ОБЛЕШЕВО” постепено да го превземе јавното водоснабдување на територијата на целата општина.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од селските водоводи ќе ја врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани. Квалитетот на водата за пиење ќе се контролира со земање на мостри за бактериолошка и физичко – хемиска анализа, а бројот на мострите за бактериолошка и физичко-хемиска анализа е одреден според Правилникот за безбедност на водата („Сл.Весник на РМ“ бр.46/08) и врз основа на санитарен хигиенски увид и анализа се издава стручно мислење.

Од страна на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Кочани на почетокот од 2025 годината ќе се изготви годишна информација за безбедноста на водата од изворите за јавно водоснабдување во Општина ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО.

2. Обезбедување на хигиенски услови во производство и промет на храна.

Во согласност со Законот за безбедност на храната. (Службен весник на Република Македонија бр. 157/2010 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016, 64/2018 и 209/2013)., ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на HACCP систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;

- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и од површини кои доагаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, работни маси за работа со храна).

3 . Обезбедување на хигиено-технички услови во училишни установи.

3.1.За заштита на децата и учениците од цревни и други заразни заболувања, а особено од заразна жолтица, во 2025 година ќе продолжат редовните контроли на училишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Ќе се изврши детектирање на неусогласеност на санитарно - техничките и хигиенските услови во 10 училишта: две основни училишта (во Облешево и Чешиново) и осум подрачни училишта (во Кучичино, Бање, Теранци, Чифлик, Уларци, Жиганци, Соколарци и Спанчево) како и во детската градинка “Ѕвездички” два пати во годината.

Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинката е добијат извештај за најдената состојба, со предлог мерки за подобрување.

На почетокот на 2025 година Советот на Општина Чешиново-Облешево ќе разгледа годишна информација за санитарно-хигиенските и здравствени услови во сите училишни и предучилишни установи на подрачјето на Општина ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО со предлог на мерки за разрешување на неусогласеностите со законските и стручни норми.

4. Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши ЈПКД ОБЛЕШЕВО во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во близина на с Кучичино.

Член 113 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија 87/2008 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016) и Директивата 91/271/ЕЕС ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води и што произлегуваат од нивното подрачје.

Претпристапните фондови на ЕУ, Министерството за животна средина и просторно планирање и Швајцарската влада обезбедуваат средства за еколошки проекти, а тоа дава можност Општината да ја догизгради канализацијата во Облешево, Соколарци и Спанчево и да изгради канализација во селата Теранци, Бурилчево, Уларци и Жиганци, како и да се изградат Пречистителни станици на фекални канализации во селата Чифлик, Бања, Соколарци и Спанчево.

5. Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД)

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

5.1. Превентивна дезинфекција

Во општинската зграда, училишните и предучилишните објекти, ЈПКД ОБЛЕШЕВО и субјектите кои работат со храна, ,согласно Законот, на секои 6 месеци ќе вршат превентивна дезинфекција, во соработка со овластена установа.

5.2. Превентивна дезинсекција

5.2.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на НАССР мерките на претпазливост.

5.2.2. Дезинсекција ќе се врши на целата територија на општината, со претходно мапирање на локациите и населените места каде присутството на комарците е поголемо. Како превентивна мерка за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците во Општина ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО се предлага да се спроведе најмалку едно авионско третирање и 4 теристички прскања со водно растворлив еколошки препарат. Авионското прскање се планира за втората половина на јуни, со опфат на најмалку 1 000 хектари. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот на мај, јуни, јули и август, со опфат од по 100 хектари, во населените места од полскиот и ридскиот дел на општината.

За порационална општа дезинсекција, во втората половина на јуни се планира со авионско третирање на комарците да бидат опфатени и соседните општини: Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица, Карбинци и Штип.

Ларвицидното третирање на комарците, кое најефикасно препорачливо е да се спроведе повеќекратно, почнувајки од рана пролет, од април до септември. Со него ќе се опфатат 10 ха при секој третман спрема мапа на застојни води што ќе ја даде Општината.

5.3. Превентивна дератизација

5.3.1. Во врска со член 42 од Законот Општина ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ке спроведе општата дератизација, во ноември 2025 година, со 44 кг. кумарински препарат, и тоа:

- третирање на депонијата за цврст смет, со 5 кг. на кумарински блокови; и
- третирање на вкупно 130 шахти од канализационите системи (40 во Облешево, 40 во Чешиново, 30 шахти во Кучичино и 20 шахти во Спанчево). Во секоја од третираните 130 канализациони шахти ќе се постават по 300 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати, или вкупно 39 килограми..

5.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација.

6. Промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување. Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основното образование за заштита од заразни болести.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

Оваа активност спаѓа во надлежност на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани и не носи трошоци за општината и училиштата

Финансирање на Програмата од Буџетот на Општина ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО

Вид на активности	Цена по активност во денари
Детектирање и изготвување на извеш санитарно-техничка неусогласеност во в образовните установи 10 Х 2.000,00 ден	**20.000,00**
Третирање на комарци во Општина ЧЕ - ОБЛЕШЕВО	**330.000,00**
Авионско третирање на комарци	**160.000,00**

Четири теристички третирања на комарци во населените места Ларвицидно третирање	**500.000,00**
Општа дератизација (диви депо канализација во 4 населени места)	**39.000,00**
Набавка на средства и опр дезинфекција	**60.000,00**
ВКУПНО	**1.125.000,00**

Напомена: Дезинсекција против комарци би се спроведувала по предложениот план и динамика ако Општинате е финасиски моќна или подржана од некое Министерство.

Бр.08-1723/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1750/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 21, став 1, точка 12 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр. 6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година донесе:

ПРОГРАМА
за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

I.ВОВЕД:

Општина Чешиново-Облешево е рурална општина. Зафаќа простор во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во подножјето на планините Осогово и Плачковица и средишна позиција помеѓу урбаните општини Кочани, Штип и Пробиштип.

Општина Чешиново-Облешево зафаќа територија од 133,5 км2, на која се протегаат следните населени места: Чешиново, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Чифлик, Кучичино, Бурилчево, Уларци, Жиганци, Бања, Врбица, Новоселани и Лепопелци. Седиште на општината е Облешево.

Со оглед на својата местоположба општината претставува своевидна сообраќајна крстосница.

Низ општината поминува Експресниот пат Штип - Кочани а паралелно со него магистралниот пат А3 Штип - Кочани. Овие два патни правци ја поврзуват општината со соседните општини, со главниот град на Републиката, Скопје, како и со Република Бугарија.

Сите населени места во општината се поврзани со алсфатни птишта до седиштето на општината Облешево.

II.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Тргнувајќи од постојаната состојба на локалната патна мрежа во општината, раположивите средства планирани за оваа намена со Буџетот на општина Чешиново-

Облешево за 2025 година, како и средствата од Државните институции и Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локалните патишта и улици, Општина Чешиново-Облешево со оваа Програма има за цел да ја подобри состојбата на локалната патна мрежа, а тоа значи да се изврши изградба односно асфалтирање на неасвалтираните патишта, реконструкција на оштетените патишта и одржување на постојните патишта и улици на територијата на Општина Чешиново-Облешево, со што ќе се овозможи побрза комуникација и непречено одвивање на патниот сообраќај во општината, а од друга страна ќе се овозможи и подобро искористување на постојните ресурси, побрз локален економски развој, запирање на миграцијата село-град и постепена ревитализација на сите населени места во општината Чешиново-Облешево.

Изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните патишта и улици во општина Чешиново-Облешево за 2025 година е потреба во сите населени места во општината за подобрување на условите во комуналната свера на живеење.

Стратешка цел на Општина Чешиново-Облешево е да ги одржува постоечките и да изгради нови локални патишта и улици за непречен сообраќај, изградба и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација, според техничките нормативи и стандарди и прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Програмата утврдува извори на средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2025 година, нивниот распоред и начин на користење како и обемот на работите.

Висината на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, се утврдуваат во износ од 34.000.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

1. Трансфери од владини институции, и тоа од:

1.1.Министерство за транспорт и врски

1.2.Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици;

1.3. Биро за регионален развој;

1.4. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

1.5. Министерство за Локална Самоуправа

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);

3. Комунални такси;

4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ.

5. Светска банка

Согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), општината е надлежна за локалните патишта и улици.

Средствата кои општината ќе ги добие во текот на 2025 година, ќе бидат распоредени на следниот начин - 30% за редовно и инвестиционо одржување, 20% за зимско одржување и 50% за изградба.

Активности-инвестиции за изградба

Во зависност од големината на средствата кои секоја година се добиваат од Јавното претпријатие за државни патишта и од други општи и тековни донации, предвидени се следните активности:

-Изградба на локален пат Кучичино-Чифлик

-Изградба на локален пат Чешиново-Чифлик

-Изградба на локален пат Спанчево-Чифлик

-Изградба на локален пат Жиганци-Чешиново

-Изградба на локален пат Уларци-Соколарци

-Изградба на локален пат с.Соколарци-с.Врбица

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

-Изградба на локален пат Жиганци-Уларци

-Реконструкција на локален пат Облешево-Спанчево

-Реконструкција на локален пат Чешиново-Спанчево

-Реконструкција на локален пат Облешево-Бања

-Реконструкција на локален пат Облешево-Теранци

-Реконструкција на мост на река Брегалница на локален пат Облешево-Теранци

-Изградба и реконструкција на улици во сите населени места во општината

Изградбата и одржувањето на локалните патни правци и улиците во самите населени места, ќе биде во зависност од средствата кои ќе бидат добиени по основ на разни донации.

Дел од средствата предвидени во Програмата ќе бидат наменети за изработка на Техничка документација за изградба на локални патишта и улици и изработка на сообраќајни проекти.

Со средства од Влада на РСМ и средства од сопствен Буџет планирани се следните активности:

-Реконструкција на улица Маршал Тито, с.Чешиново фаза 2

- вкупна вредност на проектот 13.246.924 денари, доделени средства од Министерство за транспорт 8.466.762 денари
- во буџет 2024 планирани 846.676 денари остаток во 2025г. 7.620.086
- делот 4.780.162-кофинансирање

-Реконструкција на улица Сремска и дел од улица 6, с.Облешево

- вкупна вредност на проектот 11.117.926 денари, доделени средства од МТ.6.337.764 д.
  - во буџет 2024 предвидени се 633.776, остатокот во 2025 и тоа 5.703.988 денари
  - остаток од вкупен проект 4.780.162 -кофинансирање

II. Тековни Активности

Дел од средствата ќе бидат наменети и за:

А)Земјени работи на локални патишта;

Б)Посипување на улици;

В)Поправање на ударни дупки;

Г)Останати активности:

-Набавка и поставување на сообраќајни знаци;

-Зимско одржување;

-Решавање на тековни проблеми.

III. Финансиски дел

Приходи:

Министерство за транспорт и врски

Инвестиции од ЈПДП

Центар за развој на плански регион

Биро за регионален развој

Буџет на општина Чешиново-Облешево.

Други општи и тековни донации

ВКУПНО: 34.000.000,00 денари

IV.Преодни и завршни одредби

Динамиката на реализација на Програмата ќе биде во зависност од приливот на средствата.

Динамиката на одржувањето и заштитата на општинските улици и патишта ќе се извршува континуирано во текот на целата година.

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Програмата ќе започне да се применува од 01.01.2025 година.

Бр.08-1734/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),

Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственсот на РСМ на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственсот на РСМ на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1738/1 Општина Чешиново-Облешево
22.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 , 190/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019), Советот на Општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година, донесе:

ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

ВОВЕД:
Општ дел

Со Законот за градежно земјиште (Сл.весник на Република Македонија бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016,190/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура,

додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Чешиново-Облешево, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2025 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на следните населени места и локалитети:

1.Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс м.в.Св. Атанас КО Спанчево

-м.в.„СВ.АТАНАС“ КО Спанчево, ул.Индустриска, ул „2“ бб Спанчево

План 32/2012, Одлука бр. 0701-1613/1 од 11.09.2013 година :

ГП1.01, ГП1.02, ГП1.03, ГП1.04, ГП1.05, ГП1.06, ГП1.07, ГП1.08, ГП1.09, ГП 1.10, ГП1.11, ГП1.13, ГП1.15, ГП16, ГП1.17, ГП1.18, ГП1.19, ГП1.21, ГП1.22, ГП1.23 и ГП 1.24

Б) Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

  Законски основ на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се: Закон за локалната самоуправа (,,Сл. весник на РМ,,бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019)

- **Основни плански документи**

  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Интегриран План за Локален Развој на општина Чешиново-Облешево за плански период од 2019 до 2022 година
- Локален еколошки акционен план за Општина Чешиново-Облешево за плански период од 2011 до 2016 година
- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс м.в.Св. Атанас КО Спанчево
- Програма за уредување на градежно земјиште на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година
- Програма за изработка на урбанистички планови во 2025 година за општина Чешиново-Облешево

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

1.Драгица Горгиевска – Раководител на одделение
2.Ивана Минова Богданова – Советник
3.Ива Стефанова – Советник
4.Анета Зашов - Советник
5.Наташа Серафимова – Советник

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. Цели на Програмата

- **Општи цели на Програмата**

  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

  Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели
- Детален преглед на градежни парцели (по населено место/локалитет и по урбанистички план)

А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:

Следува табела на крајот од Програмата која се составен дел на оваа Програма.

Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

  Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

  Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните

маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

3. Динамика на реализација на Програмата

- По потреба а во зависност од заинтересираноста на правните и физичките лица ќе се објавуваат и огласите за продажба на градежните парцели

Пропишување на условите и постапка за јавно надавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страната www.gradezno-zemjiste.mk ,со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

-два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и

-Службен весник на РСМ

Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата аплицирал и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетнтата цена.

Електронското јавно наддавање го следи Комисија формирана од Градоначалникот на општината.

Јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето кое е предмет на објавата по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците на наддавањето.

Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежно земјиште,но не помалку од 10 денари, со заокружување до најблискиот цел број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата да изнесува од 100% до 500% од вкупната почетна цена на градежното земјиште предмет на јавното наддавање, за секоја парцела поединечно, но не помалку од 30.000,00 денари.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање не може да биде пократок од 20 календарски дена ниту подолг од 60 дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Доколку најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето за избор на најповолен понудувач не ги уплати средствата кои претставуваат највисока цена за отуѓување на градежното земјиште, банкарска гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата кои претставуваат највисока цена за отуѓување на градежното земјиште ,а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор, средствата не му се враќаат, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Лица надлежни за реализацијата на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување а тоа се следните лица:

1.Драгица Горгиевска – Раководител на одделение
2.Ивана Минова Богданова – Советник
3.Ива Стефанова – Советник
4.Анета Зашов - Советник
5.Наташа Серафимова - Советник

4. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата

Табеларен преглед
5.Вкупно приходи по основ на реализација на Програмата 8.076.949,61 денари.
6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

РАСХОДИ:

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 10% .....1.232.765,00 денари
- трошоци по основ на експропријација.....30.000,00 денари
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште .....50.000,00 денари **Се вкупно: 1.312.765,00 денари**

7.Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општина Чешиново-Облешево.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево.
- Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1733/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за јавно осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за јавно осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1740/1
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 13 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 19.11.2024 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
за 2025 година

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Програмата за јавно осветлување ги регулира условите за вршење на работи за јавно осветлување, доделување на задолженија и обврски за одржување на јавно осветлување, т.е. редовно одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево.

1.Јавно осветлување

Член 2

Под јавно осветлување, во смисла на одредбите на оваа Програма, се подразбира систем на енергетски објекти, инсталации и уреди за осветлување на јавна површина.

Како јавни површини, во смисла на одредбите на оваа Програма, се подразбираат: улици, општински патишта, плоштади, мостови, пешачки места веднаш до станбени и други згради, паркови, паркинзи и зелени површини во станбени населби, декоративно (фасадно) осветлување на верски објект, училишни објекти, детски градинки, објекти за рекреација кои се во јавна сопственост, речен брег и други области каде се планира јавна градба - осветлување.

Со оваа Програма ќе се утврдат активностите за одржување на јавното осветлување за 2025 година односно ќе се утврди обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во Општината.

2.Работи на јавно осветлување

Член 3

Под работи на јавно осветлување, во смисла на одредбите на оваа одлука,се подразбираат:

1) Изградба на јавно осветлување,
2) Редовно снабдување со електрична енергија за јавно осветлување
3) Редовно одржување на јавното осветлување

II.АКТИВНОСТИ

1.Вршење на работи и одговорен субјект

Член 4

Изградбата на јавното осветлување ја врши Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, по претходно донесена Одлука од страна на Советот на општината.

Изградбата на јавно осветлување се финансира од буџетот на општината - Програма Јавно Осветлување.

Граѓаните можат да финансираат изградба на јавно осветлување со претходно известување до општината, по претходно изготвена техничка документација и добиена согласност од Советот на општината доколку трошоците за потрошувачка на електрична енергија финансирани од буџетот на општина во голема мера нема да се разликуваат од претходно направените трошоци за електрична енергија.

Работите околу редовното одржување на јавното осветлување на територијата на општина Чешиново-Облешево ги врши Македонски Телеком АД –за електронски комуникации Скопје, согласно Договор за воспоставување на ЈПП за давање на енергетски услуги на Јавно осветлување бр.03-328/1 од 04.02.2020 година (за дел од мрежата согласно Договорот) и ЈПКД „Облешево“ за делот на јавно осветлување кој не е споменат во Договорот со Македонски Телеком АД а во

согласност со ценовник кој ќе биде утврден со посебен Договор склучен помеѓу општина Чешиново-Облешево и ЈПКД „Облешево“

Член 5

Начинот на извршување на работите околу јавното осветлување го утврдуваат вршителите на работата сами по претходен нивен распоред.

-Начинот на извршување на работите околу Јавното осветлување за работи кои треба да ги извршува ЈПКД „Облешево“ ќе се врши со реални потреби за работата која треба да се изврши и во зависност од расположивите средства во буџетот.

Редовното одржување на јавното осветлување значи одржување на енергетски објекти, инсталации и уреди за јавно осветлување во исправна состојба за неговото функционирање. (замена на светилки, придушници, приклучници, осигурчи, заштитни стакла, изгорени кабли…)

Редовното одржување на јавното осветлување ќе се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни заедници и правни лица со седиште на територија на општината а истото да се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување (изградба) на улично осветлување.

Ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отсранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

2.Редовно снабдување

Член 6

Под редовно снабдување со електрична енергија за јавно осветлување,се подразбира редовна испорака на електрична енергија.

Редовното снабдување со електрична енергија се регулира со Договор склучен со снабдувачот на електрична енергија и набавувачот, општината.

Договорот од ставот 2 на овој член подетално го регулира начинот на набавка, цената, рокови на плаќање, како и други прашања од значење за функционирањето на јавното осветлување.

3.Недозволени активности

Член 7

Забрането е неовластено:

- отстранување и рушење на згради и поставување на јавно осветлување, без претходна согласност од општината;
- поврзување со објекти и инсталации за јавно осветлување, без претходно донесена Одлука;
- инсталација на билборди, прицврстување на предмети и работи и лепење постери на згради и инсталации за јавно осветлување;
- оштетување на инсталации за јавно осветлување.

III.ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Член 8

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за комуналните такси (Сл. Весник на РМ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15. 192/15, 23/16 и 151/21), според кој за користење и одржавање на јавното осветлување се плаќа комунална такса согласно тарифен број 10 од Законот.

Финансирањето на јавното осветлување во 2024 година ќе се врши од Буџетот на општина Чешиново-Облешево од приходи остварени по основ на комунална такса за јавно осветлување која ЕВН Македонија ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Бројот на имателите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријави за нови броила - потрошачи и броила - потрошачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Проекцијата на приходниот и расходниот дел е земена од податоци од претходни буџетски години.

ПРИХОДИ

Комунална такса за јавно осветлување ..... 5.500.000,00 денари

РАСХОДИ

Расходи за потрошена електрична енергија за јавно осветлување ..... 350.000,00 денари

ЈПП по Договор на Македонски телеком .....4.600.000,00 денари

Оддржување (реконструкција), замена на прегорените улични штедливи светилки, замена на дотраени дрвени електрични столбови, оспособување на постоечките блокови за улично осветлување (промена на осигурачи, склопки-контактори и фотореле) и вградување на штедливи светилки на место на постоечките и друго.....450.000,00 денари

Техничка документација за улично осветлување.....100.000,00 денари

IV.НАДЗОР

Член 9

Надзор над примената на одредбите од оваа Одлука врши Инспекторот за животна средина од општината.

V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Плаќањето за извршените работи ќе се врши по доставена фактура од страна на Македонски телеком АД и по доставена ситуација за извршени работи од страна на ЈПКД „Облешево“ претходно потпишана од страна на надзорот.

Да се вршат редовни контроли-увиди за согледување на состојбите, утврдување на дефектите доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1729/1
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 19.11.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1746/2
22.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), Советот на општина Чешиново-Облешево на 43-та седница одржана на ден 19.11.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
За проширување на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, на следниот начин:

Потпрограм	Самофинан.	Дотации	Донации	Кредити	Потставка

Се зголемуваат приходите на следните потставки

741120 Блок дотации на општината по одделни намени				
	0	492.000	0	0
	0	492.000	0	0

и се распределуваат на следните расходни потставки

N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ				
423110 Канцелариски материјали				
	0	160.000	0	0
423710 Средства за одржување на хигиена				
	0	109.828	0	0
424210 Одржување на згради				
	0	302.172	0	0
483120 Купување на училишен мебел				
	0	-80.000	0	0
	0	492.000	0	0

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година

Бр.08-1727/2
22.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево ……1

2.ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички Планови и урбанистички проекти за 2025 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево ……1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година …….3

4.ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново - Облешево за 2025година ……4

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..12

6.ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема на територијата на општина Чешиново-Облешево, за 2025 година ……..12

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..17

8.ПРОГРАМА за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……17

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година …….20

10.ПРОГРАМА за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..20

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..22

12.ПРОГРАМА за остварување на социјалната заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..23

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за поддршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во општина Чешиново-Облешево за 2025 година…… 29

14.ПРОГРАМА за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2025 година …….29

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за оддржување на јавна чистота на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..31

16.ПРОГРАМА за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..32

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……35

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

18.ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИ РАБОТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА ……..35
19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2025 година ……..38
20.ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА ……..39
21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-Облешево……. 43
22.ПРОГРАМА за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година…….. 43
23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2025 година…….. 45
24.ОДЛУКА за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……...46
25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево.за 2025 година …….47
26.ПРОГРАМА за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година…….. 47
27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за активностите на општина Чешиново-Облешево за ревитализација поелиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025та година ……..51
28.ПРОГРАМА за активностите на општина Чешиново-Облешево за ревитализација поелиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025тагодина…….. 52
29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година…… 55
30.ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИОТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА ……55
31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..59
32.ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..59
33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственсот на РСМ на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ……..62
34.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА……. 62
35.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за јавно осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за 2025 година 66
36.ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО за 2025 година..... 67
37.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 69
38.ОДЛУКА за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година 69
39.СОДРЖИНА..... 70

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО